Во изработка на извештајот за самоевалуација освен членовите на тимот кој работеа како координатори, учество земаа и сите други наставници, дел од Совет на родители, Училишен одбор и ученици.

| **Области на самоевалуација** | **Одговорни наставници** |
|---|---|
| **Организација и реализација на наставата и учењето**<br>Индикатори за квалитет (1.1; 1.2; 1.3; 3.1; 3.2; 3.3; 3.4; 3.5; 6.1; 6.2;) | Координатори: Елена Трајкова<br>Менка Андреева<br>Есма Калач<br>Членови: Фарие Мемедова, Сања Ј.Николова<br>Ана Јанушева, Кирил Унев, Весна Сиљанова |
| **Постигања на учениците**<br>Индикатори за квалитет<br>(2.1; 2.2; 2.3; 3.6; 4.4; 5.2;) | Координатори: Амра Хоџиќ<br>Менка Андреева<br>Македонка Арсовска<br>Анита Мечкаровска<br>Членови: Драгица Најдова, Елена Трајкова,<br>Ана Јанушева, Кирил Унев, Рамо Биберовиќ, Јасмина Мишева,<br>Сашка Темелкова |
| **Професионален развој на наставниците стручните соработници воспитувањи и на раководниот кадар**<br>Индикатори за квалитет (6.3; 6.4;) | Координатор: Есма Калач<br>Членови: Весна Сиљанова |
| **Управување и раководење**<br>Индикатори за квалитет (7.1;) | Координатор: Анита Коцевска<br>Членови: Зилха Биберовиќ,Теодора Гуцева |
| **Комуникации и односи со јавноста**<br>Индикатори за квалитет(/) | Координатор: Весна Јанковска<br>Член: Марија Стојановска - педагог |
| **Училишна клима и култура**<br>Индикатори за квалитет (4.1; 4.2; 4.3; 5.1; 5.2; 5.3; 6.5; 7.2; 7.3;) | Координатори: Македонка Арсовска<br>Анита Мечкаровска<br>Есма Калач<br>Анита Коцевска<br>Членови: Весна Сиљанова, Теодора Гуцева<br>Рамо Биберовиќ, Јасмина Мишева,<br>Зилха Биберовиќ,Сашка Темелкова |
| **Соработка со родителите и со локалната средина**<br>Индикатори за квалитет (5.4;) | Координатор: Анита Мечкаровска<br>Членови: Јасмина Мишева<br>Сашка Темелкова |

**Вовед**

**САМОЕВАЛУАЦИЈАТА е основен двигател на наставниот процес во функција на доживотното учење за унапредување на квалитетот на образованите постапки на кадарот во училиштето.**

Засегнати страни, сè: наставниците, учениците и родителите.

Самоанализата на квалитетот на наставата е обврска во идентификување на недостатоците и можностите за подобрување;

Самоевалуацијата ќе одговори на многуте прашања кои во наредниот период во работата на училиштето ќе можеме да ги контролираме. Има за цел да го процени квалитетот на работата на училиштето врз основа на однапред дефинирани критериуми.

Се идентификуваат областите за кои е потребно дополнително подобрување.

Да се оспособи раководниот кадар да донесува издржани одлуки за одржување на силните и надминување на слабите страни од работата на училиштето.

Ги дефинира активностите со цел да изврши поместување од моменталната состојба кон посакуваната цел за подобрување на квалитетот на наставата.

- Самоевалуацијата е најважната алка на одговорност;
- Самоевалуацијата е план за подобрување на работата;
- Во неа се вградени стандардите на наставните планови и постигањата на учениците;
- Развој на активностите, задачите и целите;
- Јасно унапредување на наставната организираност;
- Постигање на учениците;
- Пренесување на знаење и учење;
- Поддршка на учениците;
- Клима и култура во училиштето;
- Педагошко-инструктивната работа во училиштето;

КЛУЧНИТЕ ПОДРАЧЈА ЗА КВАЛИТЕТ СЕ:

- постигнувања на учениците;
- функционално користење на ресурсите во наставата;
- континуирано градење на морален, духовен и културен развој во стекнување на знаења, вештини и способности;

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- унапредувања на квалитетот на наставата;
- подобрувањето на воспитно- образовниот квалитет во поучувањето;
- сопствената предност пред другите;
- соочување со недостатоците во работата;

ПОЛЗА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

- **Учениците** ќе имаат квалитетна настава и мотивација во наставата;
- **Наставниците** организирано ја унапредуваат методологијата и го усовршуваат наставниот процес, ги развиваат можностите за поттикнување на квалитетот во сопственото работење и поучување во училиштето;
- **Училиштето** ги разграничува и класификува позитивните и негативните страни,го креира квалитетот во наставната работа;
- **Општествена заедница** има квалитетното образование во училиштето,нивото на знаења и способности на корисниците на услугите од страна на локалниот бизнис сектор, услужните дејности. Општествената средина ги поттикнува и мотивира младите за стекнување на знаења, вештини и способности во наставата и учењето.
- Тимот го креира системот на евалуација, надзор и контрола за реализација на планираното;

**Лична карта на училиштето**

Училишниот објект на ООУ „Рајко Жинзифов“ Горно Оризари, Велес се наоѓа во Горно Оризари. Училиштето започнува со работа непосредно по ослободувањето, односно од 1945/46 година, како неполно основно училиште од I-IVодделение и го добива името на првоборецот Благој Кирков роден во Велес. Со понатамошниот развој училиштето прераснува во петолетка, па во шестолетка и така опстојува се до 1972 година. Истата година општинското собрание донесува Одлука училиштето да прерасне во осмолетка ПОУ „Рајко Жинзифов“ за подоцна да го добие денешното име ООУ „Рајко Жинзифов“. Воспитно-образовната дејност во ООУ „Рајко Жинзифов“ Горно Оризари, Велес е организирана за учениците од I-IX одделение.

## 1.Општи податоци за основното училиште

1.1.Табела со општи податоци

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Рајко Жинзифов“ |
| Адреса, место, општина | Горно Оризари,Велес |
| Телефон | 043- 233-074 |
| Факс | 043-233-074 |
| Веб-страница | https://rajkozinzifovveles.edu.mk/ |
| Е-маил | rajkozinzifovveles@yahoo.com ou-rajkozhinzifov-dolnoorizari-veles@schools.mk |
| Основано од.. | Општина Велес |
| Верификација-број на актот | 10-1408/3 |

| | |
|---|---|
| Година на изградба | 17.05.1995год. |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1410 m2 |
| Училиштен двор (m2) | 349 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1343м2 |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење |
| Училиштето работи во смени | Една смена |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Босански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | / |

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училиштен одбор (име и презиме) | Кирил Унев, Анита Коцевска, Есма Калач, Суад Мавриќ, Русмир Ајдарпашиќ, Митхад Мемиќ, Мурад Каришиќ. |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | Нермина Ковачевиќ, Русмир Ајдарпашиќ Мирзета Цуцак, Ениса Шабановиќ, Митхад Мемиќ, Алма Дациќ, Суад Мавриќ, Елзин Лековиќ, Амела Ајдиновиќ |
| Стручни активи (видови) | Стручен актив на Одделенска настава, Јазична насока, Природно-општествено-математичко-техничка насока, Уметничка насока |
| Одделенси совети (број на наставници) | Совет на одделенски наставници (8) Совет на предметни наставници (12) |
| Членови на училиштниот инклузивен тим (име и презиме) | Психолог Тоше Лучков, Дефектолог Снежана Стојанова, одделенски наставник Ана Јанушева, предметен наставник Македонка Арсовска, родител Нермина Ковачевиќ, родител Фахра Кицара. |
| Заедница на паралелката (број на ученици) | Девет паралелки (184 ученици) |

| | |
|---|---|
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | Ученичкиот парламент е составен од 9 членови Претседател е ученичката, ученик во деветто одделение Емина Ајдиновиќ. |
| Ученички правобранител | Аднан Кицара |

## 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

2.1. Мапа на основното училиште






Scanned by CamScanner



2.2. Податоци за училиштниот простор

| Вкупен број на училишни згради | Една училишна зграда во Оризари |
|---|---|
| Број на подрачни училишта | / |
| Бруто површина | 4560 |
| Нето површина | 1410 |
| Број на спортски терени | 2 спортски терени |
| Број на катови | Приземје и кат и само приземје |
| Број на училници | 10+2 |
| Број на помошни простории | 2 |
| Училишна библиотека, медијатека | 1 библиотека, 1 медијатека |
| Начин на загревање на училиштето | Сопствено парно греење |

2.3 Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| **Кадар** | **Вкупно** | **Етничка и полова структура на вработените** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Срби** | | **Роми** | | **Бошњаци** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| **Број на вработени** | 28 | 2 | 16 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 4 | 5 |
| **Број на наставен кадар** | 19 | 1 | 13 | / | / | / | 1 | / | / | / | / | 1 | 3 |
| **Број на воспитувачи** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Администра-тивни раб.** | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 |
| **Помошно-технички кадар** | 4 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 3 | 1 |
| **Директор** | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Помошник директор** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиш.)** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

**МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

***„Сите припаѓаме на едно општество во кое различноста е позитивна вредност. Сите имаме право на квалитетно образование“***

Целта на нашата мисија е да создадеме личности со позитивни ставови кон сите чинители вклучени во општеството. Комуникацијата и соработката заедно со критичкото мислење водат кон успех.

**ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

***„Училиште со современа настава прилагодена на потребите и способностите на секој од нас“***

## *МОТО*

***Заедно по патот до успехот***



## Фази на спроведување на самоевалуација

**1.Подготвителна фаза**

Се формираше тим на ниво на училиште од 8 наставника, стручни соработници и директор на училиштето.
Формирање на работни групи за секои од осумте подрачја.

Тимот за самоевалуација изработува акционен план со кој се дефинираат:
Подрачјата и индикаторите на квалитет;
Подиндикатори;
Методи и техники на самоевалуација;
Инструменти за прибирање на податоци;
Начин на прибирање и обработка на податоци.

**2.Фаза на реализација**

Анализа на податоци и документација;
Усогласување на добиени наоди;
(SWOT анализа и издвојување на приоритети);
Подготовка на поединечни извештаи за самоевалвација за секој од 7- те области;
Подготовка на заеднички нацрт извештај за спроведена самоевалвација.

**3.Фаза на известување и усвојување**

Наставнички совет,
Совет на родители,
Ученици,
Директор на училиште,
Училишен одб

**Област 1:Организација и реализација на наставата**

| Бр. | Индикатор за квалитет | **Теми:** |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применување годишни програми и создавање визија за она што го посакуваме;<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми;<br>• Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби;<br>• Избор на наставни предмети;<br>• Реализација на проширени програми. |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала;<br>• Соработка со локалната средина во наставните програми и наставните помагала;<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието и определување приоритети за подобрување;<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми. |
| 1.3 | Воннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности;<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности. |
| 3.1 | Планирање на наставниците | • Индивидуални планирања на наставниците;<br>• Поддршка и следење на планирањата на наставниците;<br>• Размена на искуства и информации при планирањето;<br>• Распоред на часови. |
| 3.2 | Наставен процес | • Наставни форми и методи;<br>• Избор на задачи, активности и ресурси;<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците;<br>• Приод на наставникот кон учениците;<br>• Следење на наставниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | Искуства на учениците од учење | • Средина за учење;<br>• Атмосфера за учење;<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност;<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. |
| 3.4 | Задоволување на потребите на учениците | • Идентификување на образовните потреби на учениците;<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата. |
| 3.5 | Оценувањето како дел од наставата | • Училишна политика за оценување;<br>• Методи и форми за оценување;<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата. |
| 6.1 | Сместување и просторен капацитети | • Просторни услови;<br>• Искористеност на просторните капацитети. |
| 6.2 | Наставни средства и материјали | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;<br>• Училишна библиотека;<br>• Потрошен материјал. |

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Наставни планови и програми;
- ✓ Годишни,глобални,месечни, тематски и дневни подготовки;
- ✓ Записници од стручни активи;
- ✓ Црвен крст;
- ✓ Содржини од разни наставни предмети;
- ✓ Записници од: работилници, дебати, трибини;
- ✓ Видео и фото записи од часови;
- ✓ Евидентни листови;
- ✓ Увид од стручна служба;
- ✓ Родителски средби;
- ✓ Web страна на БРО и МОН;
- ✓ Анкета за мислење на наставниците;
- ✓ Анкета за ученици;
- ✓ Анкета за мислење на родители.

Во училиштето „Рајко Жинзифов“ наставниот процес се реализира според Наставни планови и програми кои се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Содржините се реализираат во пропишаниот обем и број на часови. Наставните планови се квалитетно изработени и во согласност со наставните програми по соодветните предмети. За разлика од претходните учебни години, ИКТ во наставата повеќе се применува поради поголемата обезбеденост на компјутерска опрема. Наставниците редовно изработуваат годишно глобални и тематски планирања за предметите од задолжителна настава, слободните изборни предмети, час на одделенска заедница, како и дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности, при тоа вметнувајќи ги еко стандардите, Мио активностите, активности од проектот Антикорупција во самите наставни содржини. Овие планирања се приложени кај педагогот во училиштето. Со цел изготвување поквалитетни и посовремени наставни планови и програми, наставниците посетуваат семинари, вебинари, едукативни работилници и стручни предавања на кои се информираат за одредени новитети во наставата.

Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми, како и за реализација на воннаставните активности.

Училиштето ги информира своите ученици и родителите за наставните планови и програми. Наставниците ги запознаваат учениците со содржините, целите и задачите на наставната програма по соодветните предмети на одделенските часови, додека родителите се информираат на родителски средби, индивидуални средби и на Совет на родители, преку Е-дневникот, кој што навремено се води од страна на наставниците. За поконкретно запознавање со содржините им се посочува веб страната на БРО каде можат да го разгледаат наставниот план и програма.

Училиштето дава можност преку анкетирање, учениците да се определуваат за слободните изборни предмети и одговара на барањата на родителите.

Училиштето нема доволно капацитети да ги приспособува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби бидејќи нема вработено дефектолог.

Училиштето, односно наставниците во зависност од способностите на учениците, ги прилагодуваат барањата за да ги мотивираат и ангажираат сите ученици, без разлика на пол, етничка и социјална припадност, вклучувајќи ги и децата кои имаат потреба од дополнителна помош. Но сепак наставниците сметаат дека имаат голема потреба од стручно доусовршување за работа со деца со посебни образовни потреби.

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во училиштето има продолжен престој, секојдневно после часовите, до 15 часот за учениците од I до III одделение, во посебни училници, чисти одделенија и одговорни наставници.

## Заклучоци од SWOT анализите-анкетите (образложение)

Во училиштето се спроведоа анкетни прашалници и беа анкетирани 20 наставници, 60 родители и 60 ученици.

Од анализата на истите може да го заклучиме следново:

Наставниците сметаат дека се успешни во реализирањето на целите и задачите од наставните планови и програми по предмети, дека добро ги познаваат новините и планираните промени во наставните планови и програми.(види табела 1 и табела 2).

| 1. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Целосно сум успешен | 16 | 80% |
| б. Делумно сум успешен | 0 | 0% |
| в. Доволно сум успешен | 4 | 20% |
| г. Не сум успешен | 0 | 0% |
| | | |

Табела 1

| 2. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. многу добро ги познавам | 17 | 85% |
| б. малку ги познавам | 2 | 10% |
| в. делумно ги познавам | 1 | 5% |
| г.не ги познавам | 0 | 0% |

Табела 2

Родителите и учениците се навреме информирани за содржините на наставните планови и програми, најчесто преку родителски средби но и преку индивидуални средби и преку веб сајтот на училиштето.(види табела 3).

| 3.Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. На родителски средби** | 16 | 80% |
| **б.На индивидуални средби** | 3 | 15% |
| **в. На веб сајтот на училиштето** | 1 | 5% |
| **г. Не ги информирам** | 0 | 0% |

Табела бр.3

Наставниците често ја имплементираат компјутерската технологија во Наставниот процес, а истото можеме да го видиме по одржаните часови и сите други воннаставни активности.(види табела 4).

| 5. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. многу често** | 6 | 30% |
| **б. често** | 14 | 70% |
| **в. ретко** | 0 | 0% |
| **г. никогаш** | 0 | 0% |

Табела бр.4

Целите за родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност преку содржините на наставните програми што се применуваат се постигнуваат во голема мера.(види табела 5).

| 6. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. Многу** | 4 | 20% |
| **б. Доволно** | 15 | 75% |
| **в. Малку** | 1 | 5% |

Табела бр.5

Наставниците имаат потреба од посета на семинари, обуки за изготвување на Наставни програми за деца со посебни потреби.(види табела 6).

| 8. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. Да** | 17 | 85% |
| **б. Не** | 3 | 15% |
| **в. друга потреба** | 0 | 0% |

Табела бр.6

При проектните активности најмногу се реализираат теми од меѓуетничка интеграција во образованието и еколошки теми и истите се одржуваат редовно.(види табела 7).

| 10. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. меѓуетничка интеграција во образованието** | 16 | 80% |
| **б. еколошки теми** | 10 | 50% |
| **в. антикорупција** | 4 | 20% |
| **г. друго** | 0 | 0% |

Табела бр.7

Во наставните програми во доволна мера се интегрирани содржини и активности за културата и традицијата на локалната средина.(види табела 8).

| 12. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. редовно** | 15 | 75% |
| **б. ретко** | 4 | 20% |
| **в. никогаш** | 1 | 5% |

Табела бр.8

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели (развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста, основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на РС. Македонија како мултикултурно општество) во наставните програми: (види табела 9).

| 14. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. да** | 17 | 85% |
| **б. не** | 1 | 5% |
| **в. делумно** | 2 | 15% |

Табела бр.9

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>➢ целосно реализирање на наставните планови и програми;<br>➢ редовно се води е-дневникот од страна на наставниците,<br>➢ навремено се изготвуваат годишно - глобални и тематско-процесни планирања ;<br>➢ редовно и навремено информирање на родителите и учениците за напредокот на учениците;<br>➢ училиштето дава можност преку анкетирање, учениците да се определат за изборните предмети; |
| ***Слаби страни – слабости***<br>➢ потреба од стручно доусовршување на одделенските и предметните наставници за работа со деца со посебни образовни потреби;<br>➢ немање на соодветни услови за реализација на часот по ФЗО; |
| ***ПРИОРИТЕТИ***<br>➢ потреба од стручно доусовршување на одделенските и предметните наставници за работа со деца со посебни образовни потреби. |

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Записници од стручните органи на училиштето;
- ✓ Планирања на наставниците;
- ✓ Иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми ;
- ✓ Извештаи од посета на часови;
- ✓ Годишни, тематски,месечни, дневни планирања;
- ✓ Инструменти за следење;
- ✓ Извештаи;
- ✓ Програма за работа на директорот;
- ✓ Анкети за наставници, родители, ученици;
- ✓ Интервју со директор,стручни соработници;
- ✓ Програми за МИО.

Наставниот план и програма го помага личниот и општествениот развој на учениците од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност, преку реализирање на различни содржини, преку реализирање на одредени теми на часовите на одделенските раководители и преку соработка со педагошко - психолошката служба. Во училиштето се застапени можностите за интегративен пристап кон содржините во повеќе наставни предмети, особено во одделенската настава.

Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети од одделенска и предметна настава во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација. Во изготвувањето на планирањата на наставата, како во одделенска, така и во предметната настава, како и од самото анкетирање на наставниците се увидува дека наставниците прават одредени измени при реализирањето на некои наставни содржини од наставните планови и програми. Одделенските наставници по ФЗО, поради немање на соодветен простор, наставата ја изведуваат во училишниот двор или во училница која не е доволно приспособена за реализација на наставните содржини. Наставниците имаат влијание во интегрирањето на еколошката програма, програмата за меѓуетничка интеграција во образованието и програмата за антикорупција во годишната програма за работа на училиштето.

**Заклучоци од SWOT анализите:**

Во училиштето се спроведоа анкетни прашалници и беа анкетирани 20 наставници, 60 родители и 60 ученици.

Добиени се следниве резултати:

40% од наставниците сметаат дека имаат влијание врз изготвување на наставните планови и програми, 50% одговориле недоволно, а 10% одговориле со не.

75% истакнале дека доволно се постигнуваат целите за родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност, преку содржините на наставните програми што ги применуваат, 20% сметаат дека во голема мера се постигнуваат овие цели, а останатите 5% дека малку се постигнуваат целите.(види табела 10).

| 6. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Многу | 4 | 20% |
| б. Доволно | 15 | 75% |
| в. Малку | 1 | 5% |

Табела бр.10

70%  од наставниците сметаат дека постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со почитување на потребте и барањата на учениците, а останатите 30 % делумно се согласуваат со истото.

75% од наставниците сметаат дека во наставните програми во доволна мера се интегрирани содржини и активности за културата и традицијата на локалната средина, а останатите 25%  не се согласуваат со истото.

55% од учениците истакнале дека се подеднакво третирани од страна на наставниците при испрашувањето без разлика на полот, а 38,3% понекогаш и 6,7% никогаш.(види табела 11).

| 6. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а.  секогаш | 33 | 55% |
| б. понекогаш | 23 | 38,3% |
| в.  никогаш | 4 | 6,7% |

Табела бр.11

90% од учениците истакнале дека со своето сопствено знаење и способност можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми, а останатите 10% дека неможат да влијаат.(види табела 12 и графикон бр.1).

| 4. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Да | 54 | 90% |
| б. Не | 6 | 10% |

Табела бр.12




Графикон бр.1

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>- застапеност на родова и етничка програма во наставните планови и програми, училиштето нема конфликти од етничка припадност;<br>-влијание на учениците со нивното знаење и способност врз начинот на реализација на наставните планови и програми;<br>-постојат добри примери на меѓупредметно интегрирање на целите на наставата, посебно во одделенска настава. |
| ***Слаби страни – слабости***<br>-недоволно влијание на наставниците врз изготвување на наставните планови и програми; |

- непостоење услови за реализација на наставата по ФЗО.

*Приоритети*

-поголемо учество на наставниот кадар во изготвувањето на наставните планови и програми.

## 1.3 Воннаставни активности

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности;
- ✓ Опфатеност на учениците со воннаставните активности;
- ✓ Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности;
- ✓ Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;

Во училиштето Наставните планови и програми, одобрени од МОН, се реализираат освен преку редовната настава, и преку воннаставни активности.

Во училиштето се реализираат следниве воннаставни активности: општествено корисната работа, ученичкиот парламент, ученички правобранител, грижа за здравјето на учениците, секции, слободните ученички активности, ученичките натпревари, професионалната ориентација, низ кои се влијае на личниот и социјален развој на учениците и им се овозможува да ги задоволат своите потреби и интереси за докажување и напредување. На учениците им е овозможено да се вклучат во различни акции, еколошки проекти, МИО активности, активности поврзани со антикорупцијата, кои се организираат во училиштето и надвор од него.

Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии и излети ќе се изведуваат, во согласност со правилникот за реализација на ученичките екскурзии, излетите и другите воннучилишни акотивности на учениците..

Општествено корисната работа опфаќа реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина. Таа се состои во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, но и учество во други, надворешно организирани активности.

Активно работи и ученичкиот парламент и правобранител на ниво на училиште, како највисока форма на организирање и дејствување на учениците, каде што учениците ги изнесуваат своите размислувања, предлози и понекогаш сами донесуваат одлуки.

Училиштето води грижа за здравјето на учениците. Се води сметка учениците секогаш правовремено да бидат запознати со актуелни здравствени теми од страна на стручни лица. Се следат и организираат систематските прегледи на учениците и систематските стоматолошки прегледи.

Училиштето им помага на учениците за нивната професионална ориентација за соодветен избор на средно училиште, особено во завршните одделенија.
Учениците независно од полот и социо-економскиот статус се опфатени во воннаставни активности.
Учениците се вклучени во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности. Тие во зависност од афинитетите и можностите се вклучуваат во воннаставните активности во училиштето со цел да се социјализираат, да се поттикнува нивната креативност, комуникација и толеранција. Наставниците се оние кои ги забележуваат интересите и достигнувањата на учениците и овие информации ги користат да ги мотивираат за да се вклучат во различните воннаставни активности.
Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални, државни натпревари, литературни и ликовни конкурси. Постигнатите резулати се лична мотивација за секој ученик, но и афирмација за наставниците и училиштето воопшто.

Училиштето го реализира Еко проектот и точките на акција од еко стандардите, со цел да се влијае и да се заштити животната средина, како и МИО проектот и проектот за Антикорупција во училиштето.

## Заклучоци од SWOT анализите

Во училиштето се спроведоа анкетни прашалници и беа анкетирани 20 наставници, 60 родители и 60 ученици.

Добиени се следниве резултати:

95% од наставниците истакнале дека редовно реализираат воннаставни активности со учениците, а 5% ретко ги реализираат овие активности.

35% од наставниците истакнале дека се соочуваат со просторно и временско ограничување при реализацијата на воннаставните активности, а 65% не се соочуваат со овој проблем.Наставниците со 85% одговориле потврдно дека училиштето има разработено насоки за развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста, основните човекови права и јакнење на свеста на учениците, 15% дека нема такви насоки во училиштето.(види табела 13).

| 13. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. немам никаков проблем | 17 | 85% |
| б. понекогаш се соочувам со просторно и временско ограничување | 3 | 15% |

Табела бр.13

43,3% од учениците истакнале дека наставниците им овозможуваат учество во дополнителна настава, а 35% во додатна настава, спорт – 23,3%, секции – 25%, екологија – 12%.

41,7% истакнале дека секогаш се вклучени во изборот и планирањето на воннаставните активности, 53,3% понекогаш, а 5% никогаш.

На 30% од учениците им се допаѓаат активностите од отворените денови, на 51,7% приредбите што ги организира училиштето, на 25% ученичките натпревари, на 31,7% спортските натпревари и на 3% не им се допаѓа ништо.(види табела 14).

| 9. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. отворени денови** | 18 | 30% |
| **б. приредби** | 31 | 51,7% |
| **в. ученички натпревари** | 15 | 25% |
| **г. спортски натпревари** | 19 | 31,7% |
| **д. не ми се допаѓа ништо** | 10 | 3% |

Табела бр.14

Родителите сметаат дека училиштето и учениците најдобро се афирмираат преку следниве воннаставни активности и тоа:

15%- преку отворените денови,
60%-преку ученичките натпревари,
18,3%-преку приредби,
и 6,7%-преку медиуми.

Родителите сметаат со 63,4% дека најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност, 3,3% сметаат дека не е така, а 33,3% се делумно уверени во тоа.(види табела 15).

| 12. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| **а. да** | 38 | 63,4% |
| **б. не** | 2 | 3,3% |
| **в. делумно** | 20 | 33,3% |

Табела бр.15

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>➢ афирмирање на училиштето во непосредната околина и пошироко;<br>➢ во училиштето постојат и успешно работат повеќе вонанставни активности кои го афирмираат училиштето во градот и државата;<br>➢ редовно реализирање на вонанставните и проектни активности според потребите и интересите на учениците. |
| ***Слаби страни – слабости***<br>➢ недоволна вклученост на учениците во изборот и планирањето на вонанставните активности. |
| ***ПРИОРИТЕТИ***<br>➢ да се настојува учениците да имаат што поголема вклученост во изборот и планирањето на вонанставните активности. |

## 3.1 Планирање на наставниците

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Индивидуални планирања на наставниците;
- ✓ Поддршка и следење на планирањата на наставниците;
- ✓ Размена на искуства и информации при планирањето;
- ✓ Распоред на часови.

## Заклучоци од SWOT анализите

Според анкетниот прашалник спроведен помеѓу наставниците во училиштето добиваме податоци со кои можеме да ја утврдиме тековната состојба и да направиме подобрување на истата. Во однос на планирањата на наставниците доаѓаме до заклучок дека за успешна реализација на наставните планови и програми, сите наставници редовно изработуваат годишни глобални планирања, месечни, тематски планирања, оперативен план за час и сценарио за час. Оперативниот план за час и сценариото кај сите наставници е усогласен со тематското и месечното планирање. 90 % од наставниците се согласуваат дека училиштето има изграден систем за следење на планирањето додека 10% сметаат дека следењето се прави делумно.

Имплементирани во редовната настава се предаваат и интегрирани планирања за еколошка програма. Сите овие планирања се во склоп на Годишната програма за работа на училиштето.
При изготвувањето на планирањата наставниците сметаат дека добиваат помош и поддршка во подобрување на наставата.

## 3.2 Наставен процес

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>- наставниците редовно изработуваат годишни глобални планирања, тематски планирања оперативен план за час и сценарио;<br>- оперативниот план за час кај сите наставници е усогласен со тематското планирање;<br>- училиштето има изграден систем за следење на планирањето на наставниците;<br>- Наставниците редовно ги применуваат наставните методи, техники на учење и ИКТ технологија. |
| ***Слаби страни – слабости***<br>- делумно одржување /сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала. |
| ***Приоритети***<br>-да се зголеми спроведувањето на дисеминацијата по реализација на обуки;<br>-поголема вклученост на сервисери во одржувањето на ИКТ опремата и на наставните средства и помагала. |

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Годишната програма на училиштето;
- ✓ Годишната програма на активите по одделенија и предмети;
- ✓ Годишната програма на педагогот;
- ✓ Записници од состаноци на активи;
- ✓ Годишните програми на стручните служби на училиштето;
- ✓ Евиденцијата на директорот за посета на часови;
- ✓ Податоците од увидите направени од страна на советниците;
- ✓ Дневни подготовки и сценариа на наставниците рационализирани во тематско-процесното планирање;
- ✓ Пишаните податоци од увидите на директорот;
- ✓ Училишни паноа, ликовни галерии во училиштето;
- ✓ Евиденција на стручна служба;
- ✓ Од училишната евиденција и архивата на стручната служба;
- ✓ Записници од состаноците;
- ✓ Е дневниците;
- ✓ Записници од родителските состаноци;
- ✓ Ученички досијеа;
- ✓ Матична книга.

## Заклучоци од SWOT анализите

Во наставниот процес, сите од наставниците 100% ги применуваат наставните методи. 100% од наставниците користат разни форми на работа во наставата како и техники на учење и ИКТ технологија. Сите се сложуваат дека на часот постои интеракција помеѓу ученик-наставник и обратно. 100% наставниците изработуваат наставни средства и помагала.(види графикон бр.2).




Графикон бр.2

Климата за работа во училницата ги задоволува потребите на учениците и наставниците за 90% од наставниците, додека 10% од нив делумно се согласуваат со ова.(види графикон бр.3).




Графикон бр.3

Приближно 95% од наставниците редовно применуваат методи и форми на оценување и самооценување на учениците, додека 5% го прават тоа делумно.

Сите наставници се грижат за позитивната клима за работа, 95% ефикасно ракуваат со наставните средства и материјали, а само 5% од нив делумно го прават тоа. Сите наставници имаат еднаков приод кон сите ученици. Исто така 100% од наставниците ги мотивираат учениците и ги поттикнуваат на работа.

Сите наставници поставуваат јасни прашања и на тој начин имаат проактивна комуникација со учениците. Односот помеѓу наставниците и учениците е одмерен и коректен. Сите наставници се трудат да им помогнат на учениците и им даваат поддршка во секојдневното учење и разбирање. 100% од наставниците ги упатуваат учениците да го користат искуството и знаењето за да дојдат до точен одговор. Наставникот користи јасен и разбирлив јазик и на тој начин воспоставува комуникација со работните групи од ученици. 100% од наставниците им даваат можност на учениците да искажуваат мислења и да поставуваат прашања. Сите наставници редовно ја менуваат својата позиција во училницата во зависност од активностите.

Според мислењето на 87% од учениците, наставниците создаваат позитивна клима за работа,10% дека наставниците делумно се грижат за позитивната клима, а само 3% дека нема позитивна клима за работа.

При анкетирањето 75% од учениците се сложуваат дека наставниците ефикасно ракуваат со наставните средства и материјали, 22% од нив мислат дека наставниците тоа го прават делумно, а 3% сметаат дека наставниците не ракуваат ефикасно со наставните средства и материјали. Со фактот дека наставниците имаат еднаков приод кон сите ученици се согласуваат 85% од учениците, 10% сметаат дека тоа е делумно точно, а 5% мислат дека не е точно.

82% од нив сметаат дека се ангажирани од страна на наставниците во оперативните активности, 15% дека се делумно ангажирани, а 3 % дека не се ангажирани. (види графикон бр.4).




Графикон бр.4

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>-климата за работа во училницата ги задоволува потребите на учениците и наставниците.<br>-учениците се редовно информирани за своите права обврски и активности во училиште;<br>-наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. |
| ***Слаби страни***<br>-не доволна мотивираност кај учениците за учество на натпревари и во реализација на проектни активности; |
| ***Приоритети***<br>-да се подобрат успехот и дисцилината на учениците.<br>-мотивирање на што поголем број ученици активно да се вклучат во разновидни проекти и натпревари. |

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Годишната програма на училиштето;
- ✓ Годишната програма на активите по одделенија и предмети;
- ✓ Годишната програма на педагогот;
- ✓ Записници од состаноци на активи;
- ✓ Годишните програми на стручните служби на училиштето;
- ✓ Записници од средби со советници;
- ✓ Евиденцијата на директорот за посета на часови;
- ✓ Податоците од увидите направени од страна на советниците;
- ✓ Дневни подготовки на наставниците;
- ✓ Тематско-процесното планирање;
- ✓ Пишаните податоци од увидите на директорот;
- ✓ Училишни паноа, ликовни галерии во училиштето;
- ✓ Евиденција на стручна служба;
- ✓ Од училишната евиденција и архивата на стручната служба;
- ✓ Записници од состаноците;
- ✓ Одделенските дневници;
- ✓ Записници од родителските состаноци;
- ✓ Ученички досиеја.

## Заклучоци од SWOT анализите

Следејќи го сопственото искуство, 69% од учениците сметаат дека нивните изработенитрудови се изложуваат на видно и соодветно место во нивната училница или во училиштето, а 18% дека делумно се истакнуваат истите, додека 13% сметаат дека воопшто не се истакнуваат нивните трудови. (види графикон бр.5).




Графикон бр.5

Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, сметаат 77% од нив, додека 23% сметаат дека делумно се охрабрени од страна на наставниците.

88% од учениците сметаат дека наставниците им помагаат на учениците и им даваат поддршка, 12% дека имаат делумна помош и поддршка.

Дека наставниците ги упатуваат учениците да го користат искуството и знаењето за да дојдат до точен одговор се сложуваат 59% од нив, 25% сметаат дека наставниците го прават тоа делумно, а 16% дека воопшто не го прават. Наставниците поставуваат комуникација со работните групи од ученици според 64% од учениците, 20% сметаат дека таа комуникација е делумна, а 16% дека воопшто не постои.

Според 50% од учениците наставницитекористат јасен и разбирлив јазик, 13% сметаат дека тоа го прават делумно, а 27% сметаат дека наставниците не користат јасен и разбирлив јазик. Наставниците им даваат можност на 45% од учениците да искажуваат мислења и поставуваат прашања, 33% сметаат дека имаат делумна можност за искажување, а 22% мислат дека наставниците не им даваат можност на учениците да искажуваат мислења и поставуваат прашања. Наставниците ја менуваат својата позиција во училницата во зависност од активностите според 85% од учениците, 12% сметаат дека наставниците го прават тоа делумно, а 3% дека воопшто не ја менуваат својата позиција. (види графикон бр.6).




Графикон бр.6

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>• предавања по мерка на учениците за постигнување на успех;<br>• охрабрување на учениците на самостојна работа;<br>• развивање на позитивна клима;<br>• мотивирање и поттикнување на учениците за работа;<br>• наставниците користат јасен и разбирлив јазик, ја менуваат улогата во училница во зависност од активноста; |
| ***Слаби страни – слабости***<br>• недоволна вклученост на родителите во разни проекти во училиштето; |
| ***Приоритети***<br>• потреба од спортска сала за наставата по ФЗО со простор за одржување на разни манифестации и натпревари. |

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

| **Кои се извори и документи за увид:** |
|---|
| ✓ Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>✓ Програма за работа на ученичкиот парламент и правобранител;<br>✓ Извештај од работата на ученичкиот парламент и правобранител;<br>✓ Анкетни прашалници;<br>✓ ИОП. |

## Заклучоци од SWOT анализите

Наставниот кадар и стручната служба вршат систематско идентификување на образовните потреби на учениците како и на пречките во процесот на учење на секој ученик. Соодветно на тоа се превземаат активности за нивно отстранување преку прилагодување на наставните содржини кон можностите на учениците.

Потребни се обуки за доусовршување на кадарот за работа со надарени и талентирани ученици како и со ученици кои имаат потешкотии во учењето.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>• наставниците и службата ги идентификуваат потребите на учениците. |
| ***Слаби страни***<br>• иселување на учениците. |
| ***Приоритети***<br>• потреба од едукација на наставниците за идентификација и работа со надарените и талентираните ученици. |

## 3.5 Оценувањето, како дел од наставата

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Програма за работа на училиштето;
- ✓ Правилник за оценување и напредување на ученици;
- ✓ Стандарди за оценување;
- ✓ Увид во педагошка евиденција и документација;
- ✓ Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи);
- ✓ Примери на оценети ученички трудови;
- ✓ Записници од стручни активи, наставнички совет, Анкети/Интервјуа со ученици и наставници. Анкети и интервјуа со родители;
- ✓ Евиденција на наставници за оставарени средби и соработка со родители;
- ✓ Интерни акти/кодекси на училиштето;
- ✓ Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците.

## Заклучоци од SWOT анализите

Сите наставници низ годините, имаат посетено разни обуки на тема Оценување на учениците и сите користат стандарди и критериуми за оценување. Активно ги користат принципите на формативното и сумативното оценување на учениците, како и голем број на методи и инструменти за ефикасно следење на учењето на учениците и нивно квалитетно оценување. Учениците во училиштето се оценуваат врз основа на законските прописи кои го регулираат оценувањето, а истите на почетокот на училишната година се информирани од страна на наставниците за критериумите и методите на оценување. Родителите се запознати со критериумите на оценувањето на наставниците.

Во училиштето практика е оценувањето да е реално и транспарентно, а учениците и нивните родителите се секогаш навреме информирани за напредокот и постигнатиот успех. Сите наставници 100% ги информираат родителите за овие стандарди и критериуми за оценување.

***Силни страни***

-наставниците редовно применуваат методи и форми на оценување и самооценување на учениците;
-сите наставници користат стандарди и критериуми за оценување и ги информираат родителите за овие стандарди и критериуми за оценување.

***Слаби страни***

- иселување на учениците во странство.

***Приоритети***

- овозможување на секој ученик да се искаже спрема своите можности и афинитети.

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Годишна програма за работа;
- ✓ План за развој на училиштето;
- ✓ Непосреден увид;
- ✓ Записници од просветна и санитарна инспекција;
- ✓ Распоред на часови;
- ✓ Полугодишен и годишен извештај;
- ✓ Записници од работата на стручните активи;
- ✓ Интервјуа со наставниците;
- ✓ Анкетен прашалник за наставници;
- ✓ Анкетен прашалник за ученици;
- ✓ Анкетен прашалник за родители;
- ✓ Пописни листи.

## Заклучоци од SWOT анализите

ООУ „Рајко Жинзифов“ располага со адекватни и пријатни просторни услови за одвивање на редовната настава и вон наставните активности за работа на наставниот кадар. Училиштето располага со бруто површина од 4560 $м^{2}$.

Училиштето располага со една библиотека, наставничка канцеларија, 4 административни канцеларии, 2 спортски терени. Наставата се изведува во кабинети. Големината на училниците е во согласност со бројот на ученици во паралелките. Нагледноста во кабинетите одговара на потребите на современа настава. Училиштето располага со училишен двор со патеки и клупи за одмор на учениците и жителите кои гравитираат околку училиштето.

Просторните капацитети се максимално искористени. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности со што ги задоволува потребите на учениците.

постои потреба за нејзина промена.

Во однос на подобрувањето на условите за работа во училиштето, дел од планираните активности се реализираа со предвидената динамика. Имено, естетски се уреди просторот во холовите и училниците, хортикултурно уредување на училишниот двор. Тие станаа пријатно место за престој на учениците во училиштето.

Училиштето има адекватно опремени простории за конкретни предмети. 95,3 % од анкетираните се изјасниле позитивно, додека 4,7% сметаат дека опремата не е доволна. (види табела 16).

| 1. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Да | 20 | 95,23% |
| б. Не доволно | 1 | 4,76% |

Табела 16

Училиштето нема спортска сала или друга просторија во функција на спортска сала (изработен и одобрен проект и се очекува изградба).

***Силни страни***

- максимално искористување на сите просторни капацитети во училишната зграда;
- наставен кадар подготвен за промени;
- отвореност во финансиското работење на училиштето.

***Слаби страни***

- немање на спортска сала во училиштето.

***Приоритети***

- прв и главен приоритет е изградба на спортска сала и поставување на енергетска фасада на училиштето.

## 6.2 Наставни средства и материјали

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Статут на училиштето;
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето;
- ✓ Програма за работа на директорот;
- ✓ Записници од Наставнички совет;
- ✓ Увиди на библиотечна евиденција;
- ✓ Записници од состаноци на УО и одлуки;
- ✓ Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали;
- ✓ Пописни листи.

## Заклучоци од SWOT анализите

Секоја година нашата библиотека го збогатува својот фонд со книги за учениците од прво до деветто одделените како на македонски, така и на босански јазик. Медијатеката раполага со многу енциклопедии, речници, стручна литература, компјутери но исто така е уредена по мерка на сите ученици во училиштето. Со тоа учениците ја зголемуваат својата љубопитност.
Од наставни памагала и технологија училиштето располага со: 10 персонални компјутери и 17 лап-топ компјутери кои имаат интернет конекција. Покрај тоа на располагање се 6 печатари, 4 скенери, 2 фотокопира, 5 - ЛЦД проектори, 10 касетофони, дигитална камера и голем избор на дидактички материјали. За жал се погоре наброеното спаѓа во потрошен материјал и оваа бројка секоја година се менува.

На прашањето дали има наставни помагала и стручна литература во доволен број наставниците одговориле на следниот начин:(види табела 17).

| 2. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Се сложувам | 18 | 85,71% |
| б. Делумно се сложувам | 3 | 14,28 % |
| в. Не се сложувам | 0 | 0% |

Табела 17

На прашањето дали библииотеката ги задоволува потребите на учениците и наставниците 66,66% или 14 испитаници одговориле со „Целосно“, 23,80% одговориле со „Делумно“ и 9,52% или 2 испитаници одговориле со „Не ги задоволува“.
По однос на исказот:„Наведете што би сакале да се смени во однос на опременоста на училниците и училиштето?“ посакувани се спортска сала и соблекувални и исхрана во училиштето.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>• Доволно достапна технологија во училиштето која секојдневно се користи; |
| ***Слаби страни***<br>• Недоволно лектирни изданија и друга стручна литература на Босански јазик; |
| ***Приоритети***<br>• Опремување на библиотеката со лектирни изданија и изградба на спортската сала |

## Област 2: Постигања на учениците

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **2.1** | Постигнувања на учениците | - Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност, по наставни предмети и по класификациони периоди;<br>- Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност;<br>- Идентификација на ученици со потешкотии во учењето , надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби;<br>- Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна / додатна настава;<br>- Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование. |
| **2.2** | Задржување / одлевање на учениците | - Опфат на ученици;<br>- Редовност во наставата;<br>- Осипување на ученици;<br>- Премин на ученици од едно во друго училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| **2.3** | Повторување на учениците | - Ученици што не ја завршуваат годината. |
| **3.6** | Известување за напредокот на учениците | - Известување на родителите за напредокот на учениците. |
| **4.4** | Следење на напредокот | - Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;<br>- Анализа на напредокот на учениците по паралелки. |
| **5.2** | Промовирање на постигнувањата | - Промовирање на личните постигнувања на учениците;<br>- Промовирање на постигнувањата во име на училиштето. |

## 2.1 Постигања на учениците

**Кои се извори и документи за увид**

- ✓ Главни книги;
- ✓ Е-дневник;
- ✓ Евидентни листови;
- ✓ Извештаи од одделенски раководители и стручна служба;
- ✓ Извештаи од стручни активи;
- ✓ Инструменти за следење и оценување од наставниците;
- ✓ Годишни и тематски,месечни планирања на наставниците по наставни предмети;
- ✓ Планирања за додатна и дополнителна настава од наставниците;
- ✓ Ученички портфолија;
- ✓ Записници од родителски средби ;
- ✓ Евиденција за индивидуални средби на наставниците со родителите;
- ✓ ЕКО планирања од наставниците;
- ✓ МИО планирања од наставниците;
- ✓ Анкетни прашалници (за наставници, ученици и родители).

## Заклучоци од SWOT анализите

ООУ „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес располага со податоци за постигањата на учениците по пол и по етничка припадност по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди.

| Учебна 2021/2022 | Учебна 2022/2023 |
|---|---|
| I – V описно | I-V описно |
| VI – IX 3,55 | VI-IX 3,89 |
| I – IX 3,55 | I – IX 4,06 |

Од приложената табела се гледа дека просекот на учениците се зголемува во однос на претходната година. Училиштето континуирано работи со учениците преку редовната, дополнителната и додатната настава што се покажа во анкетата со родители, ученици и наставници каде висок процент од испитаниците сметаат дека постигањата на учениците се следат постојано.

Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците можат да се подобрат и да се најдат додатни начини за нивно подобрување како на пример преку индивидуални часови, соработка со родителите и нивно поголемо инволвирање во наставата.

Врз основа на увидот во актуелните постигања на учениците, училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност и јазик на кои се изведува наставата.

Училиштето ги идентификува надарените ученици, но постои можност да се развие подобар систем за нивна потемелна и посистематска идентификација со кој ќе се наоѓаат скриените таленти на учениците како на пример учество во проекти. Континуирано се следи напредокот на учениците кои имаат потешкотии во учењето и често им се помага преку соработка со стручните служби.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна и додатна настава за учениците кои имаат потешкотии во учењето и кои покажуваат значителни резултати во одредени области соодветно.

Сите наставници на учениците им обезбедуваат поддршка во редовната, дополнителната и додатната настава, притоа избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Во однос на следењето на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование може да се каже дека училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, како при премин од еден во друг циклус така и при премин од едно до друго ниво на образование. Кога ќе се појават разлики во постигањата на учениците, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и превзема активности за нивно надминување.

Во училиштето постои еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма. Наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците, ги прибираат доказите во ученичко портфолио и оценуваат врз основа на прибрани сознанија преку разновидни проверки на знаење. Притоа во целост се почитуваат пропишаните стандарди и критериуми за оценување од БРО. Исто така наставниците континуирано ги евидентираат оценките (во исказна или бројчана форма) во нивните евалуациони листи, потоа во е-дневникот, главните книги и евидентните листови. Навремено ги планираат содржините по наставниот план и програма и притоа вклопуваат современи техники на поучување за подобри постигнувања на учениците. Воедно користат најразлични извори на информации и литература. Наставниците одржуваат часови за додатна и дополнителна настава според планирањата и со тоа е запазена законската регулатива.

На исказот: „Наставниците им даваат поддршка во редовната наставата на учениците со посебни образовни потреби (со потешкотии и надарени)“ со „Целосно Да“ одговориле 38 анкетирани или 64%, со „Делумно Да“ одговориле 17 од нив или 28%, со „Делумно Не“ одговориле 3 анкетирани или 5%, со „Целосно Не“ одговориле 2 анкетирани или 3%.(види графикон бр.1).




Графикон бр.1

На исказот:„Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување на успехот на учениците“ со „Целосно Да“ одговориле 42 анкетирани или 70%, со „Делумно Да“ одговориле 17 од нив или 28%, со „Делумно Не “ одговорил 1 анкетиран или 2%.(види графикон бр.2).




Графикон бр.2

Наставниците ги вклучуваат учениците во воннаставни активности во зависност од желбите, интересите и способностите. (види табела.1 и графикон 3).

| | |
|---|---|
| Целосно Да | 37 |
| Делумно Да | 18 |
| Делумно Не | 5 |
| Целосно Не | 0 |

Табела бр. 1




Графикон бр.3

78% од родителите сметаат дека се навремено известени за постигањата на нивните деца. Исто така и учениците се задоволни од наставата, можат да ги постигнат очекуваните резултати по планот и програмата но и наставниците можат да ги идентификуваат учениците во нивната работа.

| |
|---|
| ***Силни страни*** |
| ❖ училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и по етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди;<br>❖ наставниците редовно се консултираат со стручната служба за постигањата на учениците;<br>❖ сите наставници на учениците им обезбедуваат поддршка во редовната, дополнителна и додатна настава;<br>❖ учениците се редовно известени за своите постигања во текот на учебната година и за можностите да ги подобрат истите;<br>❖ постигањата на учениците континуирано се следат од страна на наставниците;<br>❖ родителите континуирано се информирани за постигањата на своите деца. |
| ***Слаби страни*** |
| ❖ развивање на поефикасен систем за идентификација на талентираните ученици и нивно посериозно ангажирање за промоција на своите знаења;<br>❖ пронаоѓање на повеќе начини за поддршка на учениците кои сакаат да ги прошират своите знаења и сакаат повеќе да постигнат.<br>❖ пронаоѓање на повеќе начини за поддршка и помош на учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот. |
| ***Приоритети*** |
| ❖ ангажирање на талентираните ученици во повеќе активности со кои ќе ги прошират своите знаења.. |

## 2.2 Задржување/одлевање на учениците

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Е-дневници;
- ✓ Главни книги;
- ✓ Извештаи од стручна служба;
- ✓ Педагошка документација – преведници;
- ✓ Записници од одделенски совети;
- ✓ Записници од наставнички совети;

## Заклучоци од SWOT анализите

Училиштето „Рајко Жинзифов“ Г.Оризари,Велес располага со податоци за опфатот на учениците од реонот. Има изградена политика за опфат на сите ученици и презема различни активности како што се: (посети на семејства, кампањи, соработка со надлежните институции и локалната заедница) за опфат на сите ученици од својот реон.

Редовноста систематски се следи (според полот, етничката припадност и социјалното потекло). Училиштето прибира податоци за отсуствата на учениците, превзема конкретни активности, соработува со родителите и локалната самоуправа, се со цел да се подобри редовноста на учениците во наставата. Сепак, големиот број на неоправдани изостаноци на учениците и покрај употребата на најразлични методи за намалување на бројот на истите е предемет за загриженост и анализа. Сепак последнава учебна година бројот на изостаноците е значително намален иако се уште останува висок што се должи на поголемата соработка со родителите и мерките кои ги преземаат наствниците во текот на учебната година.

Во следнава табела се прикажани изостаноците за претходната и оваа учебна година и тоа:

| Учебна 2021/2022 год | Учебна 2022/2023 год |
|---|---|
| I – V 411 изостаноци | I – V 240 изостаноци |
| VI – IX 1176 изостаноци | VI – IX 893 изостаноци |
| I – IX 1587 изостаноци | I – IX 1133 изостаноци |

Училиштето го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините во соработка со родителите и локалната самоуправа и навремено презема конкретни активности за да го намали осипувањето. Сепак и по оваа тема постои одредена загриженост, поради потенцијалот за зголемено осипување на учениците поради надворешни фактори ( иселување од државата поради економската несигурност и нискиот стандард на животот ) врз кои училиштето не може да влијае а од табелата е евидентен помалиот број на ученици секоја наредна година.

Кога има премин на ученици од едно училиште во друго, училиштето ја следи постапката и ги доставува значајните информации за образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите тие информации и ги зема во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

***Силни страни***

- училиштето систематски ја следи редовноста на учениците;
- училиштето користи повеќе методи за намалување на бројот на изостаноците;
- училиштето ја почитува постапката при премин на учениците во друго училиште;
- училиштето го следи осипувањето на учениците;
- училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот;
- учениците се опфатени преку различни активности како што се соработка со надлежните институции, локалната заедница, посета на семејства итн.

***Слаби страни***

- зголемено осипување на учениците под влијание на надворешни фактори (иселување од земјата поради лошата економска ситуација).

***Приоритети***

- привлекување на учениците за упис во училиштето.

## 2.3 Повторување на учениците

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Е-дневници;
- ✓ Главни книги;
- ✓ Педагошка документација;
- ✓ Записници од одделенски совети;
- ✓ Записници од наставнички совети;
- ✓ Извештаи од стручната служба;
- ✓ Правилници изготвени од стручната служба.

## Заклучоци од SWOT анализите

Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторуваат годината. Учениците со слаб успех и нивните родители се повикуваат на консултативни средби и се вршат советувања во стручната служба. Воедно се образложуваат правните последици од континуиран слаб успех, каде со три слаби оценки ученикот ја повторува годината.

***Силни страни***

- во училиштето постојат процедури со кои се идентификуваат и анализираат причините за повторување на учебната година и истовремено училиштето презема навремени мерки за спречување на истото;

| |
|---|
| ❖ училиштето исто така ги запознава учениците и родителите со политиката за напредување; |
| ***Слаби страни***<br>❖ недоволна ангажираност на родителите во работата со своите деца; |
| ***Приоритети***<br>❖ развивање на поефикасен систем на оценување на учениците кои останувaат на полагање**.** |

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

**Кои се извори и документи за увид**

- ✓ Електронски дневник;
- ✓ Евидентни листови;
- ✓ Свидетелства;
- ✓ Анкети и интервјуа со родители;
- ✓ Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родителите;
- ✓ Извештаи од родителски средби;
- ✓ Евиденција за индивидуални средби со родителите;
- ✓ Инструменти за следење и вреднување на работата на наставникот за оценување на напредокот на учениците;
- ✓ Чек листи;
- ✓ Опсервациона листа;
- ✓ Ученичко портфолио;
- ✓ Фотографии од учество во воннаставни активности.

### Заклучоци од SWOT анализите

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката. Наставниците им даваат детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четири-пет пати годишно, индивидуални средби со родителите. Датумите за одржување на отворени денови во училиштето се истакнуваат на сите влезови во училиштето, на почетокот на учебната година.

Средбите со родителите се добро организирани и јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето, за неопходноста од научно знаење, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес, вклучувајќи информации за: оценките, поведението, реализираните проектни активности, бројот на изостаноци. Во текот на целата година, родителите имаат увид во постигањето на учениците преку електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за оценките и редовноста на своето дете, писмените работи и тестовите на знаење, поведението итн. Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, ги одржува педагогот и психологот и вршат советодавна работа.

Учениците и родителите добиваат детални информации за постигањата на учениците по секој наставен предмет, а исто така се споделуваат и информации за напредокот на талентирани ученици и учениците со потешкотии.

Се води детална анализа и ажурирање на резултатите кои се добиваат преку воннаставните активности на учениците и се споделуваат информаци за постигањата на учениците од учество во воннаставни активности

За поголема транспарентност при известувањето на постигнувањата на учениците училиштето има веб-портал и отворена група на социјалните мрежи каде администраторите ги објавуваат сите постигнувања, награди и активности, учество во проектни задачи, хуманитарни акциии други активности кои ги постигнале учениците од нашето училиште.

Индивидуални средби со родителите организираат 95% од наставниците, додека 5% од нив го прават тоа делумно.

Наставниците организираат групни средби со родителите и тоа 90% од нив, односно одделенските раководители, останатите 5% од наставници кои не се одделенски раководители организираат групни средби со родители повремено, а 5% воопшто не организираат вакви средби.(види графикон бр.4).




Графикон бр.4

90% од родителите сметаат дека одделенскиот раководител ги известува за напредокот на ученикот преку индивидуални средби доколку има потреба, а 10% сметаат дека се делумно известени.

Услугата на Е дневник не ја користат 10% од родителите, додека 82,5% родители ја користат оваа услуга, додека 7,5% делумно ја користат.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>• редовно и често одржување на индивидуални и заеднички родителски средби;<br>• редовно евидентирање на успехот и поведението на учениците;<br>• добра соработка на наставниците со стручната служба и менаџментот;<br>• презентирање на ученичките трудови. |
| ***Слаби страни***<br>• нередовни консултации на родителите (родителите на деца со послаб успех) со наставниците и стручната служба. |
| ***Приоритети***<br>• поттикнување на родителите за поголема соработка. |

## 4.4 Следење на напредокот

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Педагошка евиденција и документација ;
- ✓ Работен дневник на наставникот;
- ✓ Работен дневник на педагошко-психолошката служба;
- ✓ Е-дневник;
- ✓ Портфолија на ученици;
- ✓ Статистички извештај по класификациони периоди;
- ✓ Извештаи и анализи;
- ✓ Разговор со наставници и стручна служба;
- ✓ Анкетен прашалник за ученици;
- ✓ Анкетен прашалник за родители;
- ✓ Анкетен прашалник за наставници;
- ✓ Главни книги;
- ✓ Полугодишен и годишен извештај;
- ✓ Правилник за права и обврски на учениците;
- ✓ Процедура за идентификација на ученици со ПОП;
- ✓ Постапка за регулирање на отсуството на ученикот.

## Заклучоци од SWOT анализите

При следењето на воспитно-образовната дејност во училиштето особено внимание се посветува на квалитетот на подготвување на глобалните, тематските,месечните и дневните планирања во наставата(сценарио), како и дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови при што се забележува тековното напредување и се прават забелешки при отстапувањето од зададениот план . Се земаат во обзир можностите на учениците и нивните способности во дневното планирање(сценарио). Систематски се води евиденција за постигнувањата на учениците, се прават анализи на ниво на паралелка и на ниво на училиште од страна на стручната служба. Учениците се мотивираат во усвојувањето на воспитно-образовните содржини на предметите и подрачјата и се истакнуваат нивните постигнувања во вонваставните активности – натпревари, проекти и слично.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Одделенскиот раководител ги известува родителите за постигнатиот успех на учениците четири пати во текот на учебната година.

Најголем дел од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, напредувањето, редовноста, уредно се водат и ученичките портфолија за секој ученик како и листи на следење на емоционалниот и интелектуалниот развој на учениците. Постои ефективна и континуирана соработка меѓу раководниот кадар, одделенските раководители, стручната служба и родителите во следење на постигнувањата на учениците. Евиденцијата за напредокот на учениците е достапна на сите родители, ученици и наставници. Евиденцијата служи за преземање на соодветни мерки за подобрување на успехот, редовноста и планирањето на понатамошни активности за таа цел. Наставниците подготвуваат извештаи по квартали и ги поднесуваат кај стручните служби во училиштето. Резултатите од извршените анализи се користат за подобрување на севкупниот воспитно-образовен процес.

Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во оделенскиот е дневник. Родителите редовно, најмалку четири-пет пати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на одделенскиот наставник. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тримесечие.

На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех.

Одделенските наставници на крајот на секое полугодие поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целото одделение и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети во педагошко-психолошката служба.

Директорот и педагошко - психолошката служба редовно изготвуваа анализи за постигнатиот успех на учениците. Истите се разгледуваат на Наставнички совет, како и на Совет на родители и Училишен одбор. Притоа се предлагаат мерки за подобрување.

Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди се наградуваат со диплома и пригодна награда од училиштето. Напредокот на учениците

редовно се бележи и во електронскиот дневник од страна на наставниците, од кој податоците се достапни во секое време и се добиваат на е-маил адресата на родителот (старателот) или преку СМС пораки.

Наставниците редовно одржуваат дополнителна настава за учениците со потешкотии во совладување на одредени наставни содржини. А исто така редовно се одржуваат и часовите за додатна настава каде учениците разработуваат претходно добро планирани и осмислени часови за проширување на знаењата и интересите на талентираните ученици.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>- училиштето им дава подршка на учениците, без разлика од полот или социјалната основа;<br>- наставниците секојдневно водат евиденција за редовноста, поведението и постигањата на учениците во Е-дневникот и евидентните листови;<br>- родителите навремено се известуваат за постигнувањата на своите деца;<br>- редовно советување со родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за наставата, имаат слаби постигнувања и не се придржуваат до кодексот на однесување во училиштето. |
| ***Слаби страни***<br>- нередовна соработка на родителите на учениците кои покажуваат намален интерес за наставата. |
| ***Приоритети***<br>- подобрување на соработката помеѓу сите три страни во процесот на образование ученик - наставник – родител. |

## 5.2 Промовирање на постигањата

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето;
- ✓ Годишен извештај;
- ✓ Записници од стручните активи;
- ✓ Одделенски е дневници;
- ✓ Изложени трудови на учениците;
- ✓ Медиумско промовирање на постигањата на учениците;
- ✓ Анкети со ученици и наставници;
- ✓ Признанија, пофалници;
- ✓ Сертификати ,дипломи,награди;
- ✓ Полугодишни и годишни извештаи;
- ✓ Педагошка евиденција и документација.

## Заклучоци од SWOT анализите

Промовирање на личните постигања на учениците и училиштето.
Во нашето училиште големо значење се дава на успехот и поведението на сите ученици, независно од полот. Полугодишните и годишните извештаи се показател за постигањата на учениците по паралелки како и споредбените извештаи од претходните учебни години. Општата социјална клима или етосот на училиштето битно влијаат на постигањата на учениците. Под тоа најчесто се подразбира мотивираноста на учениците и наставниците, личниот и професионалниот развој на наставниците, високите очекувања од учениците и поддршката од страна на родителите на училиштето и на децата во учењето. Училиштето ги идентификува надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии и го следи нивниот развиток. Тоа го постигнува преку организирање на додатна и дополнителна настава како и добро планирање и реализирање на вонннаставните активности. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење преку своето максимално залагање за работата, постојаното стручно доусовршување и вклученоста во развојни проекти. Постигањата на учениците се вреднуваат коректно и еднакво за сите. Меѓусебната соработка на учениците и наставниците, договарањето и усогласеното дејствување водат кон поквалитетно оценување, а со тоа и кон поквалитетно учење и повисоки резултати на учениците. Оценувањето се врши според стандарди за оценување. учениците за знаења е на високо ниво што се постигнува преку користење на тестови на знаења, како и други форми и техники на учење. Како начин за мотивирање на учениците, наставниот кадар успешно ги користи пофалбите и наградите. Постигањата на учениците се промовираат на веб и фејсбук страната на училиштето, на учество на телевизиски емисии, на патронатот на училиштето итн.
Сите високи резултати и пласмани училиштето редовно ги пласира и промовира на родителските средби и веб страната на училиштето и на социјалните мрежи. Со тоа им се дава огромна поддршка на учениците и наставниците за нивно идно ангажирање и постигнување на уште посолидни резултати и успеси
Големо внимание се посветува на реализацијата на шестиот чекор од еколошката програма. Редовно се информираат и вклучување на пошироката заедница при реализација на активностите поврзани со ЕКО чекорите кои ги превзема нашето училиште во соработка со сите ученици и локалното население. Се организираат собирни акции на хартија, пластичен отпад, електронски отпад и се врши негова селекција и рециклажа. Учениците земаат учество на сите конкурси, натпревари и останати манифестации кои се во склоп на Еко програмата и благодарение на ангажманот и работата на училиштето три пати го имаме добиено Зеленото знаме. Притоа имаме соработка и со други училишта во реализација на различни натпревари, конкурси, квизови, работилници. Училиштето соработуваше со здравствените организации, средните училишта, Народниот музеј, Народен театар, Народна техника, Центарот за социјални работи, МВР, Црвен крст и други.

***Силни страни***

- континуирано следење на напредокот на учениците и давање на информации за истото;
- родителите и учениците се задоволни од управувањето и организацијата на училиштето;
- континуирано водење грижа за постигнувањата на учениците од страна на наставниците;
- јавно и транспарентно промовирање на постигањата на учениците.

***Слаби страни***

- недоволна вклученост на родителите во промовирање на постигнувањето во училиштето.

***Приоритети***

- поголемо учество во разни проекти;
- подигнување на свеста за припадност на учениците во училиштето.

На исказот: „Наставниците даваат информации за напредувањето на учениците“, со „Точно“ одговориле 47 испитаници или 78,33%, со „Точно во најголем дел“ одговориле 11 од нив или 18,33 %, со „Делумно Точно“ одговориле 2 или 3,33%.

На исказот:„Училиштето води грижа за постигнувањата на учениците“ одговорите се прикажани на табела 2 и графикон бр.5.

| | |
|---|---|
| Точно | 38-62,29% |
| Точно во најголем дел | 10-16,66% |
| Делумно точно | 9-15% |
| Неточно | 3-5% |

Табела 2




Графикон бр.5

## Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар

| бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| 6.3 | Обезбедување на потребниот наставен кадар | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефикасност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како подршка на наставниот кадар |
| 6.4 | Следење на развојните потреби на наставниот кадар | • Професионален развој на наставниците |

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

**Кои се извори и документи за увид**

- ✓ Увид во досиејата на вработените;
- ✓ Увид во правилникот за систематизација;
- ✓ Разговор со директорот и со наставниците;
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето;
- ✓ Програма за работа на стручната служба.

### Заклучоци од SWOT анализите

Училиштето има Годишна програма за работа, наставниците и стручната служба работат според програмата. Според досиејата на наставниот кадар, степенот на образование на вработените е следниот: со високо образование се 22 вработени, виша стручна спрема имаат 3 од вработените, средно образование 1 и основно 3 од вработените. Наставата во училиштето ја реализира компетентен наставен кадар кој е квалификуван да ги превземе одговорностите во наставата согласно со потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал. Наставниот кадар редовно си ги извршува работните обврски според прописите, а училиштето ја следи работата на сите вработени во него. Стручноста на персоналот и квалификациите одговараат на работните места согласно со нормативот за работа.

При распределба на кадарот во предвид се земаат квалитетите и искуството на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата.

Наставниците одговорно, совесно и ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.

Наставниците со подолго работно искуство им помагаат на своите помлади колеги за поуспешно реализирање на воспитно – образовниот процес.

Стручната служба им помага на наставниците во организирање на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво, советодавна помош на учениците и на родителите.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со ученици, наставници, родители и е постојано е отворена за помош и соработка.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>- компетентен наставен кадар за реализација на квалитетна настава, учење и поучување на учениците;<br>- наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето;<br>- стручната служба им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите;<br>- наставниот кадар е подготвен да ги прифати промените во образовниот процес;<br>- континуирана поддршка на ученици кои имаат потешкотии во учењето од наставниците и од стручната служба. |
| ***Слаби страни***<br>- недоволно обуки за помладиот наставен кадар. |
| ***Приоритети***<br>- подигнување на свеста кај сите вработени за потребата од осовременување на наставата. |

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ -Интерни акти;
- ✓ -Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;
- ✓ -Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- ✓ -Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година;
- ✓ -Анкети на училиштето за професионален развој;
- ✓ -Портфолија на наставниците и стручните соработници.

## Заклучоци од SWOT анализите

Училиштето се залага и дава голема поддршка за професионален развој на наставниот кадар и можност за надоградување. Редовно ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој.

Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој на наставниот кадар. Потребите се идентификуваат врз основа на барањата на наставниците со помош на анкетни прашалници. Училиштето дава максимална поддршка на наставниците кои сакаат да ги усовршат своите стручни способности, организира интерни обуки како и дисеминации по завршени обуки посетени од одредени наставници, а организирани од МОН, БРО со цел внесување на иновации во наставата, пренесување на знаења, размена на искуство.

За работата на наставниците, мислење дава директорот, стручната служба, советник инспектор по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди.

Се поттикнува продуктивна соработка помеѓу наставниците со одржување ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки.

Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој.

Училиштето во контекст на Законот назначува ментор за наставникот почетник. Менторот има задача да изготви Годишна програма за работа со наставникот приправник, Истиот ја следи работата на почетникот, го посетува на неговите часови и обратно. Наставниците почетници се вклучени во сите иницијални обуки кои ги организира училиштето.

Во училиштето тековно се имплементира МИО, Антикорупција и ИКТ во наставата, како и точките на акција од ЕКО содржините од страна на наставниците.

90% од анкетираните наставници одговориле позитивно на прашањето: Дали училиштето дава поддршка на оние наставници кои сакаат да ги подобрат своите стручни подготовки а 10 % одговориле со не секогаш.(види табела. 1).

| 4. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Да | 19 | 90,47% |
| б. Не секогаш | 2 | 9,52% |
| в. Не | 0 | 0 % |

Табела 1

На прашањето: „Какви постапки се користат за оценување на работата на наставниците?“ 76% одговориле дека во оценувањето на работата на наставниците се користат разновидни техники. .(види табела. 2).

| 9. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Нагледни часови | 5 | 23,80% |
| б. Водење на досие | 0 | 0% |
| в. Преку стручни активи | 0 | 0% |
| г. Се од наведеното | 16 | 76,19% |

Табела 2

На прашањето: „Како училиштето им дава помош на наставниците-приправници?“ испитаниците одговориле на следниот начин:(види табела 3 и графикон бр.1 ).

Табела 3

| 10. Прашање | Број на одговори | Проценти |
|---|---|---|
| а. Им обезбедува ментор | 20 | 95,23% |
| б. Им дава усни совети | 1 | 4,76% |




Графикон бр.1

***Силни страни***

- стручните соработници и наставниците изготвуваат личен план за професионален развој;
- стручната счужба води педагошки картони со евиденција за професионален развој на вработените;
- училиштето организира интерни обуки за потребите на наставниците;
- во училиштето се иницираат иновации во наставата;
- училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој;
- наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој;
- училиштето дава поддршка за посета на обуки организирани од МОН и БРО и акредитирани институции.

***Слаби страни***

- недостаток од бесплатни акредитирани обуки.

***Приоритети***

- обезбедување на дополнителни средства за мотивирање на наставниот кадар и акредитирани обуки за кадарот и стручната служба за напредување во работата.

## ОБЛАСТ 4 Управување и раководење

| **Област 4** | **Управување и раководење** |
|---|---|
| **7.1 Индикатор за квалитет** | Теми во рамките на индикаторот |
| **Управување и раководење со училиштето** | ♦ Управување со училиштето;<br>♦ Раководење со училиштето; |

**Кои се извори и документи за увид:**

- ✓ Закон за основно образование;
- ✓ Статут на училиштето;
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето;
- ✓ Анкета со родители, наставници и ученици;
- ✓ Програма за работа на директорот;
- ✓ Програма за работа на училишниот одбор;
- ✓ Деловник за работа на УО;
- ✓ Записник од состаноците на Училишен одбор;
- ✓ Одлуки и извештаи од Училишен одбор;
- ✓ Прашалник за претседател на УО на училиштето.

Во однос на индикаторот управување, раководење и креирање политика- раководење и управување со училиштето, од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите може да се забележи дека е на многу добро ниво. Организацијата на воспитно-образовната и другата стручна и педагошка работа во училиштето е на задоволително ниво, доследно и навремено се спроведуваат донесените решенија и одлуки. Директорот на училиштето со својот личен кредибилитет ефективно комуницира и раководи со вработените и успешно ги делегира задачите, води грижа за целокупната организација и реализација на воспитно – образовната и стручната работа во училиштето и обезбедува услови за нормално изведување на наставата. професионален однос на директорот кон работата е заснован на најнови знаења и вештини. Донесува одговорни одлуки и успешно раководи со промените во образовниот систем. Редовно одржува состаноци со сите стручни органи во училиштето на кои благовремено информира за сите промени, тековните и наредни активности. Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 7 члена, тројца членови од редот на наставниците, тројца од Советот на родители, еден преставник од Локалната заедница и два ученика преставници на Ученичкиот парламент.

Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО. Претседателот на Училишниот Одбор редовно свикува состаноци и досега присуството на состаноците е на високо ниво.

## Заклучоци од SWOT анализите-анкетите (образложение)

1. На прашањето: „Дали сте задоволни од организацијата на воспитно-образовната, стручната и педагошката работа во училиштето“ испитаниците го одговориле следново:
- Целосно Да одговориле 19 испитаници или 90% од испитаниците;
-Делумно Да одговориле 2 испитаника или 10%.

2. На прашањето. „Дали според вас, директорот на училиштето одржува добри односи со вработените“ испитаниците го одговориле следново: (види табела 1 и графикон бр.1).

Табела 1

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 19 | 2 | 0 | 0 |




Графикон бр.1

3. На прашањето: „Дали сметате дека раководството за секое барање наоѓа време, разбирање и е подготвено да советува и да помага“, со „Целосно Да“ одговориле19 испитаници или 90%, со „Делумно Да“ одговориле 2 или 10% од нив.

4. На прашањето: „Дали сте запознати со целите на мисијата и визијата на училиштето“, испитаниците го одговориле следново: (види табела 2 и графикон бр.2)

Табела 2

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 20 | 1 | 0 | 0 |




Графикон бр.2

5. На прашањето: „Дали сте вклучени во тимови за развојна политика, планирање и обезбедување квалитет во училиштето“, со „Целосно Да“ одговориле 17 испитаници или 81%, а со „Делумно Да“ одговориле 4 или 19% од нив.

6. Одговор на исказот„Училиштето остварува партнерства со пошироката заедница“ е прикажан во табела 3 и графикон бр.3.

Табела 3

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 16 | 5 | 0 | 0 |




Графикон бр.3

7.На прашањето: „Дали сте запознати со работата на училишниот одбор“, испитаниците го одговориле следново: (види табела 4 и графикон бр.4)

Табела 4

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 7 | 12 | 1 | 1 |




Графикон бр.4

8. На прашањето: „ Дали сте информирани за поголемиот број од донесените одлуки во училиштето“, испитаниците го одговориле следново:

- Целосно Да одговориле 11 испитаника или 52% од испитаниците;
- Делумно Да одговориле 8 испитаника или 88%;
- Делумно Не одговорил 1испитаник или 5 %;
- Целосно Не одговорил 1 испитаник или 5 %.

- **Анализа на анкетите од Ученици ( анкетирани се вкупно 60 )**

1.На прашањето:„Дали сте задоволни од организацијата на воспитно-образовната, стручната и педагошката работа во училиштето“, испитаниците го одговориле следново:
- Целосно Да одговориле 52 ученика или 87% од испитаниците;
-Делумно Да одговориле 8ученика или 13%;

2.На прашањето: „Дали директорот на училиштето одржува добри односи со учениците“ испитаниците го одговориле следново: (види табела 5 и графикон бр.5)

Табела 5

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 51 | 8 | 1 | 0 |




Графикон бр.5

3. На исказот: „Целите на мисијата и визијата на училиштето се истакнати на видно место во училиштето“ добиени се следниве одговори:
- Целосно Да одговориле 42 ученик или 70% од испитаниците;
- Делумно Да одговориле 15 ученика или 25%;
- Делумно Не одговориле 3 ученика или 5 %.

4. На прашањето:„Дали сметате дека учениците придонесуваат за развој и обезбедување на квалитетот во училиштето“, испитаниците го одговориле следново:
- Целосно Да одговориле 49 ученика или 82% од испитаниците;
- Делумно Да одговориле 7 ученика или 11%;
- Делумно Не одговориле 4 ученика или 7 %.

- **Анализа на анкетите од Родители ( анкетирани се вкупно 63 )**

1.На прашањето: „Дали сте задоволни од управувањето и раководењето на училиштето“, одговорите на испитаниците се прикажани во табела 6 и графикон бр.6.

Табела 6

| **Целосно ДА** | **Делумно ДА** | **Делумно НЕ** | **Целосно НЕ** |
|---|---|---|---|
| 42 | 17 | 1 | 0 |




Графикон бр.6

2. На исказот: „Решенијата и одлуките во училиштето, доследно и навремено се спроведуваат“ со „Целосно Да“ одговориле 43 родители или 72% од испитаниците, со „Делумно Да“ одговориле 16 родители или 27% и со „Делумно Не“ одговорил 1 родител или 1.

3. На прашањето: „Дали сте запознати со целите на мисијата и визијата во училиштето“, со „Целосно Да“ одговориле 30 родители или 50% од испитаниците, со „Делумно Да“ одговориле 21 родитела или 35%, со „Делумно Не“ одговориле 5 родители или 8 % и со „Целосно Не“ одговориле 4 родитела или 7 %.

4. На прашањето:„Дали како родители сметате дека сте вклучени во планирање и обезбедување квалитет во училиштето“, со „Целосно Да“ одговориле 32 родители или 53%, со „Делумно Да“ одговориле 16 родители или 27%, со „Делумно Не“ одговориле 6 родители или 10 % и со „Целосно Не“ одговориле 6 родитела или 10%.

5. На прашањето:„ Дали според вас училиштето остварува партнерство со локалната и поширокат заедница“, испитаниците го одговориле следново:

- „Целосно Да“ одговориле 40 родители или 67% од испитаниците;
- „Делумно Да“ одговориле 16 родители или 27%;
- „Делумно Не“ одговориле 4 родители или 6%.

6. На прашањето: „Дали сметате дека директорот на училиштето одржува добри односи со учениците и родителите“, испитаниците го одговориле следново: (види табела 7 и графикон бр.7).

Табела 7

| Целосно ДА | Делумно ДА | Делумно НЕ | Целосно НЕ |
|---|---|---|---|
| 46 | 12 | 2 | 0 |




Графикон бр.7

7. На прашањето:„Дали сте информирани и за поголемиот број од донесените одлуки во училиштето“, со „Целосно Да“ одговориле 24 родители или 40% од нив, со „Делумно Да“ одговориле 22 родители или 37%, со „Делумно Не“ одговориле 9 родители или 15% и со „Целосно Не“ одговориле 5 родители или 8% од нив.

***Силни страни***

- организацијата на воспитно-образовната и другата стручна и педагошка работа во училиштето се на високо ниво;
- раководството на училиштето за секое барање наоѓа време, разбирање и подготвено е да советува и помага;
- директорот на училиштето одржува добри односи со учениците, родителите и вработените.

***Слаби страни***

- недоволна вклученост на месната заедница во работата на училиштето;

***Приоритети***

-воспоставување на продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница за добивање на подобар квалитет и успех во училиштето.

## ОБЛАСТ 5 Комуникација и односи со јавноста

| Област 5 за самоевалуација на училиштата | | Комуникација и односи со јавноста |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми во рамките на индикаторот** |
| **Индикатор 1** | **Комуникација на ниво на училиште** | Комуникација:директор-вработени |
| | | Комуникација:стручен соработник-наставник |
| | | Комуникација:наставник-наставник |
| | | Комуникација на состаноците на наставничкиот совет, одделенските совети и стручните активи |
| **Индикатор 2** | **Комуникација на ниво на училница** | Комуникација:ученик-ученик |
| | | Комуникација:наставник-ученик |
| | | Комуникација:стручен соработник-ученик |
| **Индикатор 3** | **Комуникација со окружувањето на училиштето** | Комуникација со родителите на учениците |
| | | Комуникација со институциите од централни ниво-МОН,БРО,ДПИ, и ДИЦ |
| | | Комуникација со инстутциите од Локалната самоуправа-Градоначалник,општински совет и јавни установи |
| | | Комуникација со други образовни институции во РМ и странство |
| | | Комуникација со граѓански здруженија и донатори |
| | | Комуникација со бизнис секторот |

### Индикатор 1. Комуникација на ниво на училиште

**Кои се извори и документи за увид:**

-Педагошка евиденција и документација;
-Годишна програма;
-Програма за работа на директор и стручните соработници;
-Полугодишни и годишни извештаи;
-Анализа на годишните и тематските планирања на наставниците;
-Извештаи од посета на часови кај наставниците;
-Извештаи од наставнички совет; одделенски совет и од стручни активи;
-Анкетни прашалници за директор, наставници, стручна служба и админинистративно техничкиот персонал .

Во однос на првиот индикатор од Комуникацијата и односи со јавноста-Комуникацијата на ниво на училиштето од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за вработените може да се забележи дека е на добро ниво. Комуникацијата помеѓу директорот и вработените е на многу добро ниво. Постои многу добра соработка меѓу стручните соработници и наставниците а исто така и помеѓу самите наставници. Вработените во училиштето се навремено информирани за новитетите и активнстите кои се превземаат. Стручната служба дава целосна поддршка во реализацијата на активностите. Наставниците соработуваат едни со други разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен актив на ниво на училиште и воглавно со наставниците од другите училишта.

Комуникацијата се одвива непречено во зависност од условите. Состаноците на наставнички совет, на одделенските совети и на стручни активи се одржуваат редовно согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето. Стручната служба и наставниците редовно прават анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште, а врз основа на тоа се превземаат активности за подобрување на квалитетот на наставата и наставниот процес во целост.

## заклучоците од SWOT анализите-анкетите (образложение)

### Тема:КОМУНИКАЦИЈА: ДИРЕКТОР – ВРАБОТЕНИ

1.На исказот: „Дали постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените“, испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.1).

-потполно се согласувам, одговориле 90.5 % од испитаниците,
-делумно се согласувам одговориле 9,5 % од испитаниците.




Графикон бр.1

2. На исказот: „Дали вработените редовно се информираат за преземените активности од страна на директорот“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 85,7 % од испитаниците;

-воглавно се согласуваат 4,8%;
- делумно се согласувам одговориле 9,5 % од испитаниците;

3. Постои можност вработените да учествуваат во процесот на донесување на одлуки.
- со „Потполно се согласувам“ одговориле 57,2 % од испитаниците;
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 33,3%;
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 9,5 % од испитаниците;

4. На исказот: „Дали вработените имаат можност за вклучување во активностите за одредување и реализација на училишните приоритети“, испитаниците го одговориле следново:
- со „Потполно се согласувам“ одговориле 90,4% од испитаниците;
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 4,8%;
- со „Не се согласувам“ одговориле 4,8% од испитаниците;

**Тема: КОМУНИКАЦИЈА: СТРУЧЕН СОРАБОТНИК - НАСТАВНИК**

1. Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, тематско-процесно планирање и оперативен план за час(сценарио).

- со овој исказ потполно се согласуваат 66,7 % од испитаните
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 9,5 % од нив;

2.Најмалку два пати во годината се врши посета на наставен час кај секој наставник. (види графикон бр.2).

-потполно се согласуваат 90,5%,
-воглавно се согласуваат 9,5 %.




Графикон бр.2

3. На исказот: „Дали се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно-образовниот процес (наставни форми, методи и техники на учење)“, испитаниците го одговориле следново:
- со „Потполно се согласувам“ одговориле 47,6% од анкетираните,
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 42,9%, додека
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 9,5% анкетирани;

4. Секој наставник добива поддршка при реализација на редовната, дополнителната и додатната настава, отворени часови и воннаставни активности како и онлајн часови. (види графикон бр. 3).

-потполно се согласуваат 90,5%;

-воглавно се согласуваат 4,8%.

-делумно се согласуваат 4,7%;




Графикон бр.3

5. На исказот: „Дали постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални идруги потешкотии“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 52,4 %,

-воглавно се согласувам 38,1%,

-делумно се согласувам 9,5 %.

6.На исказот: „Дали се дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 85,7%,

-воглавно се согласувам 9,5%,

-делумно се согласувам 4,8 %.

**Тема:КОМУНИКАЦИЈА: НАСТАВНИК – НАСТАВНИК**

1. На исказот:„Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети“ (види графикон бр. 4).

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 85,7% анкетирани,
- со „Воглавно се согласувам“одговориле 14,3% од анкетираните.




Графикон бр.4

2. На исказот: „Дали наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/стручни активи“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 85,7% испитаници,
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 14,3%.

3. Со исказот: „Постои соработка при реализација на отворени часови и часови кои се реализираат“. ( графикон бр.5).

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 81% анкетиран,
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 19% од нив.




Графикон бр.5

4. На исказот: „Дали се врши редовна дисеминација по спроведени обуки/семинари на ниво на училиште за непречено реализирање на редовната настава“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 76%,
-воглавно се согласувам 19%,
-делумно се согласувам 5 %;

5. На исказот: „Дали се остварува соработка со наставници од други училишта од општината/други општини во РСМ или училишта од други држави“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 71 %,
-воглавно се согласувам 19 %,
-делумно се согласувам 10 %.

**Тема:КОМУНИКАЦИЈА: НАСТАВНИК / СТРУЧЕН СОРАБОТНИК-АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ (АТП)**

1. На исказот: „Дали се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените“ испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.6).

-потполно се согласувам 85,7 %,
-воглавно се согласувам 4,8 %,
-делумно се согласувам 9,5 %.




Графикон бр.6

2. На исказот: „Дали постои достапност до сите информации за непречено реализирање на работните обврски на сите вработени“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 85,7 %,
-воглавно се согласувам 4,8 %,
-делумно се согласувам 9,5 %.

3. Континуирано се врши одржување/сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала.

-потполно се согласуваат 42,6 %,
-воглавно се согласуваат 42,6 %,
-делумно се согласуваат 9,5 %,
-не се согласуваат 4,8%.

4.На исказот: „Дали се води грижа за степенот на хигиената во училиштето“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 90,4%,
-воглавно се согласувам 4,8%,
-делумно се согласувам 4,8 %.

**Состаноци на органи и тела:**
**Состанок на наставнички совет (НС)**

1. На исказот: „Дали редовно се одржуваат планираните состаноци на НС“, испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.7).

- со „Да“ одговориле 20 испитаници,
- со „Не знам“ одговорил 1 испитаник.




Графикон бр.7

2. На исказот: „Дали се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето(на пр. подобрување и дополнување на наставните планови и програми, воведување на нови струки, профили и сл.)“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле 20 од испитаниците или 95% а 1 анкетиран одговорил со „Не знам“ или 5 %.

**Состанок на одделенски совет (ОС)**

1. Состаноците се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето.

- со „Да“ одговориле 20 од испитаниците или 95% а 1 од нив одговорил со „Не знам“ или 5 %.

2. На исказот: „Дали од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

3. На исказот: „Дали се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле 20 од испитаниците или 95% а 1 од нив одговорил со „Не знам“ или 5 %.

4.На исказот: „Дали од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

## Состанок на стручни активи

1.На исказот: „Дали се даваат предлози за подобрување на оперативните планови, сценарија за час и примена на нови наставни форми, методи и техники на учење при реализација на наставните часови“, испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.8).

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.




Графикон бр.8

2. На исказот: „Дали се даваат предлози за меѓупредметна интеграција“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

3. На исказот: „Дали се даваат предлози за поголема примена на ИКТ во наставата“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

4.На исказот: „Дали се преземаат активности за подобрување на квалитетот на наставата“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

5. На исказот:„Дали се врши подобрување на стандардите и критериумите за оценување“, испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

6. На прашањето: „Дали се даваат предлози за распределба на наставни часови по наставници“, испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.9).
-со „Да“ одговориле 20 од испитаниците;
-со „Не знам“ одговорил 1 испитаник.

Графикон бр.9




7. На исказот: „Дали се формира facebook група, web страна за размена на мислења и искуства во насока на подобрување на севкупната работа на наставниците“ испитаниците го одговориле следново:

- со „Да“ одговориле сите 21 наставника односно 100%.

***Силни страни***

- редовна соработка на наставниците со стручните соработници, директорот и помеѓу себе и со наставниците од другите училишта во општината и надвор од неа;
- постојано одржување на состаноци на одделенскиот совет, на наставнички совет и стручни активи;
- редовна информираност и размена на искуствата и мислењата на наставниците на интернет страниците;
- навремено обезбедени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените;
- редовна размена на искуства и предлози за зголемена примена на ИКТ во наставата и подобрување на квалитетот на наставата;

***Слаби страни***

- воглавно се спроведува дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно-образовниот процес;
- делумно одржување /сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства и помагала.

***Приоритети:***

- да се зголеми спроведувањето на дисеминацијата по реализација на обуки.
- поголема вклученост на сервисери во одржувањето на ИКТ опремата и на наставните средства и помагала.

## Индикатор 2. Комуникации на ниво на училница

| |
|---|
| **Кои се извори и документи за увид:**<br>-Одделенски дневници;<br>-Извештаи од родителските средби;<br>-Извештаи од одделенскиот совет;<br>-Извештаи од ученичкиот парламент;<br>-Извештаи за професионална ориентација на учениците;<br>-Усни информации;<br>-Инструменти за следење на постигањата на учениците;<br>-Анкетни прашалници за ученици, наставници и стручна служба; |

Во однос на вториот индикатор од Комуникацијата и односи со јавноста-Комуникацијата на ниво училница од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, стручната служба и учениците може да се забележи дека е на многу добро ниво. Постои соработка помеѓу наставниците и учениците. На часовите во редовната настава и во реализацијата на воннаставните активности се обезбедува пријатна атмосфера за работа што резултира во мотивираност и желба за учење кај учениците. Редовно се дава информација за напредокот и постигањата на учениците се со цел да се подобри успехот и да се зголеми квалитетот на наставниот процес. Успешно функционира ученичкиот парламент во нашето училиште а преставникот е избран на транспарентен и демократски начин. Редовно се следат новитетите и се реализираат активности за истите. Учениците се слободни во побарувањата на помош и поддршка од наставниците и стручните соработници. Учениците соработуваат едни со други но успехот,редовноста и дисциплината треба да се подобрат.

### Заклучоци од SWOT анализите-анкетите (образложение)

Анкетирани се вкупно 60 испитаници или една третина од вкупниот број на ученици во училиштето.

**Тема: Комуникација: наставник-ученик**

1.На исказот: „Дали постои соработка помеѓу наставниците и учениците“, испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр10).

- потполно се согласувам 85%,
- воглавно се согласувам 11,6%,
- делумно се согласувам 3,34%.




Графикон бр.10

2. На исказот: „Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка“ одговорено е на следниов начин:

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 71,6% од анкетираните,
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 18,4%,
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 10% од нив.

3. На исказот: „Дали за време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа“ испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 71,6 %,
- воглавно се согласувам 18,4%,
- делумно се согласувам 8,3%,
- не се согласувам 1,7%.

4. На исказот: „Дали се дава редовна усна и писмена повратна информација за напредокот и постигањата и потребите за нивно подобрување“, испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 80%,
- воглавно се согласувам 18,4%,
- делумно се согласувам 1,7% .

5. На исказот: „Дали постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии“, испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 75%,
- воглавно се согласувам 15%,
- делумно се согласувам 6,7 %,
- не се согласувам 3,34%.

**Тема: КОМУНИКАЦИЈА: УЧЕНИК – УЧЕНИК**

**1.** На исказот: „Дали изборот на претставниците во ученичкиот парламент се врши на транспаренетен и демократски начин“, испитаниците го одговориле следново: (види графикон бр.11).

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 66,7% анкетирани,
- со „Воглавно се согласувам“ одговориле 31,7% и
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 1,6% од нив.




Графикон бр.11

2.На исказот: „Дали постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини“, испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 76.7%;
- воглавно се согласувам 18,3%.
- делумно се согласувам 5%.

3.На исказот: „Дали се преземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на проблеми“, испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 58,3%,
- воглавно се согласувам 18,3%,
- делумно се согласувам 15%.

4.На исказот: „Дали се организираат трибини/работилници и други активности за почитување на различностите“, испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 75%,
- воглавно се согласувам 11,7%,
- делумно се согласувам 13,3%,
- не се согласувам 1,7%.

**Тема:КОМУНИКАЦИЈА: СТРУЧЕН СОРАБОТНИК – УЧЕНИК**

1. На исказот: „Учениците се доволно информирани за дејноста што стручниот соработник (СС) ја извршува во училиштето“ одговорено е следново:

- со „Потполно се согласувам“ одговориле 68,3% анкетирани,
- со „Воглавно се согласувам“ 30%, и
- со „Делумно се согласувам“ одговориле 1,7% од анкетираните.

2.На исказот: „Дали учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од СС доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 73,7%,
-воглавно се согласувам 16,7%,
-делумно се согласувам 10%.

3. На исказот: „Дали се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање“, испитаниците го одговориле следново:

-потполно се согласувам 76,7%,

-воглавно се согласувам 21,6%,
-не се согласувам 1,7%.

4. На исказот:„Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето“ одговорено е следното:.(види графикон бр.12).

- потполно се согласуваат 75%,
- воглавно се согласуваат16,7%,
- делумно се согласуваат 5%,
- не се согласуваат 3,3%.




Графикон бр.12

5.На исказот: „Дали за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања за учениците“ испитаниците го одговориле следново:

- потполно се согласувам 85%,
- воглавно се согласувам 1,7%,
- делумно се согласувам 6,7 %,
- не се согласувам 6,7%.

***Силни страни***

- редовна информираност на учениците за своите права обврски и активности во училиште;
- транспарентен и демократски избор на преставници во ученичката заедница;
- наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка;
- континуирано превземање на иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранливата група;
- учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии;
- учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето;
- навремено превземени активности за пријатна атмосфера во училницата.

| *Слаби страни* |
|---|
| - недисциплината при реализација на наставата како и слаб успех на одредени ученици;<br>- недоволна мотивираност кај учениците за учество на натпревари и во реализација на проектни активности. |
| *Приоритети* |
| - да се подобрат успехот и дисцилината на учениците;<br>- мотивирање на што поголем број ученици активно да се вклучат во разновидни проекти и натпревари. |

## Индикатор 3. Комуникација со окружувањето на училиштето

| **Кои се извори и документи за увид:** |
|---|
| -Педагошка евиденција;<br>-Е – Дневник;<br>-Записници од родителски средби;<br>-Записници од Совет на родители и УО;<br>-Извештаите од реализацијата проекти;<br>- Записници од реализирани средби со другите институции; |

Во однос на третиот индикатор од Комуникацијата и односи со јавноста- Комуникација со окружувањето на училиштето од секојдневната пракса и од анализата на анкетниот прашалник за директорот и анкетните прашалници за родителите може да се забележи дека е на многу добро ниво. Во нашето училиште соработката со родителите е на многу добро ниво. Тие секогаш се информирани за напредокот и успехот на нивните деца. На ниво на училиште родителите редовно се вклучуваат во реализацијата на активностите на училиштето во организацијата на приредбите и хуманитарните акции,во однос на реализацијата на работилниците и организираните предавања треба да се зголеми присуството од нивна страна. Соработката со релевантните институции, со другите образовни институци и со локалната самоуправа е континуирана и е на многу добро ниво.

**заклучоците од SWOT анализите-анкетите (образложение)**

**Тема: Комуникација со родителите на учениците**

Анкетирани се вкупно 60 родители/старатели или вкупно една третина од вкупниот број.

1. Постои активна вклученост на родителите во организација на предавања, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.

-со „Да“ одговориле 39 од испитаниците,
-со „Не“ одговориле 12 и
-со „Не знам“ одговориле 19 испитаници.

2. На исказот: „Дали родителите учествуваат при реализација на проекти“,испитаниците го одговориле следново:(види графикон бр.13).

- со „Да“ одговориле 35 од испитаниците,
- со „Не“ одговориле 8 и
- со „Не знам“ одговориле 17 од нив.




Графикон бр.13

**Тема:Комуникација со институциите од централно ниво МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ**

1.На исказот:„Постои континуирана соработка со релевантните институции (МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ)“ 100% од анкетираните одговориле со „Да“.

**Тема: Комуникација со: Институциите од Локалната самоуправа - Градоначалник, Општински совет и Јавни установи**

1.На исказот:„Градоначалникот и Советот на општината донесуваат одлуки во насока на подобрување на начинот на работа и условите за работа во училиштето“ со „Да“ одговориле 100% од анкетираните.

2.Исто така на исказот: „Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето“ со „Да“ одговориле 100% од анкетираните.

3.На исказот: „Постои соработка со јавните установи во области од нивен домен“ исто така со „Да“ одговориле 100% од анкетираните.

**Тема:Комуникација со други образовни институции во РСМ и странство**

1.На исказот: „Училиштето остварува соработка со други образовни институции во РСМ и надвор од неа“ сите анкетирани одговориле со „Да“;

2.на исказот: „Училиштето има потпишано меморандум за соработка и збратимување со други училишта од РСМ и надвор од неа“ повторн сите анкетирани или 100 % одговриле со „Да“.

**Тема:Комуникација со: граѓански здруженија и донатори**

1. Училиштето при реализација на одредени проекти, акции и сл. остварува соработка со граѓански здруженија и донатори:
   - Да остварува соработка.

2.Училиштето има потпишано меморандум за соработка со граѓански здруженија:
   - Да има потпишано договор за соработка;

**Тема**:**Комуникација со бизнис сектор**

1.Преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со одредени дејности од бизнис секторот.

| |
|---|
| ***Силни страни***<br>-редовна и навремена информираност на родителите за постигнувањата на учениците;<br>-редовна вклученост на родителите при реализација на хуманитарните активности;<br>-редовна соработка со МОН, БРО; ДПИ, и ДИЦ;<br>-континуирана соработка со другите образовни институции и со локалната самоуправа. |
| ***Слаби страни***<br>-делумна вклученост на родителите во реализацијата на активностите во училиштето на организирани предавања и работилници. |
| ***Приоритети***<br>-да се зголеми интересот на родителите за поголема вклученост при организацијата на предавањата, работилниците и реализацијата на проектните активности. |

## ОБЛАСТ 6 Училишна клима и култура

| **Област 6 за самоевалуација на училиштата** | | **Училишна клима и култура** |
|---|---|---|
| | **Индикатор за квалитет** | **Теми во рамките на индикаторот** |
| **Индикатор 4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди |
| | | Превенција од насилство |
| | | Заштита од пушење, алкохол и дрога |
| | | Квалитет на достапна храна |
| | | Грижа за учениците од социјално загрозените семејства |
| **Индикатор 4.2** | **Здравје** | Хигиена и заштита од болести |
| | | Грижа за учениците со здравствени проблеми |

| | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | Грижа за учениците со емоционални потешкотии |
| | | Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| **Индикатор 5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | Кодекс на однесување,Училишна клима Поведение и дисциплина |
| | | Учество на учениците во решавање на проблеми и донесување одлуки |
| **Индикатор 5.2** | **Промовирање на постигањата** | Промовирање на постигањата |
| **Индикатор 5.3** | **Еднаквост и правичност** | Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **Индикатор 6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | Финансиско работење во училиштето |
| **Индикатор 7.2** | **Цели и креирање на училишната политика** | Цели и креирање на училишната политика |
| **Индикатор 7.3** | **Развојно планирање** | Цели на развојното планирање |
| | | Професионален развој/стручно усовршување на кадарот |
| | | Материјално-технички средства Инфраструктура |

## Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците

**Кои се извори и документи за увид:**

- Годишната програма на училиштето;
- Програма за работа на директорот;
- Протокол за соработка со ученици изготвен од педагогот на училиштето ;
- Протокол за соработка со родители и наставниците ;
- Извештаи од систематски преглед
- Стручни предавања изготвени од стручната служба;
- Извештаи од систематски прегледи .
- Материјали од работата на Советот на родители;
- Програма за работа на стручната служба;
- Програма за работа на одделенските часови:
- Печатени материјали ( конкурси )
- Одделенски книги;
- Матични книги:
- Ученички легитимации;

| |
|---|
| - Записници од родителски средби;<br>- Закон за основно образование;<br>- Преведници; -Свидетелства;<br>- Досие на учениците;<br>-Записници(евидентни листови) од индивидуалните разговори со учениците и со родителите;<br>-Увид во педагошката евиденција;<br>-Увид во просторните капацитети;<br>-Податоци за организирани трибини ипредавања во училиштето;<br>-Евиденција и известувања од училиштето за учениците со емоционални, физички и социјални проблеми. |

Севкупна грижа за учениците од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за учениците и родителите може да се забележи дека е на многу добро ниво. Грижата за учениците е постојана и од наставниците и од стручната и педагошка служба во училиштето и е на задоволително ниво. Доследно и навремено се спроведуваат сите систематски прегледи, се организираат предавања за болести и насилно однесување меѓу учениците и навремено се информираат за понатамошното образование и им се помага при изборот на идната професионална ориентација. Раководството за секое барање на учениците наоѓа време, разбирање и е подготвено да советува и помага.

Училиштето има изработен план за движење и евакуација. Има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор овозможува безбедено изведување на наставата, безбеден престој на учениците и вработените за време на наставата и одморите, како во училишната зграда така и во училишниот двор. Училиштето има поставено видео надзор во согласност со родителите. Сите потенцијално опасни места во училиштето се означени.

Исто така училиштето располага со опрема за прва помош и заштита, ПП апарати, хидранти громобранска инсталација.
Кодексите на однесување се поставени на видни места во училиштето и во целост се почитуваат. Во текот на учебната година од стрна на стручната служба и во соработка со МВР, Центар за социјална работа и Здравен дом, се одржуваат трибини за борба против болестите на зависностите. Во училиштето во согласност со родителите не се организира храна за сите ученици туку сите деца си носат храна подготвена од нивните родители.

## Заклучоци од SWOT анализите-анкетите (образложение)

Анализа на анкетите од учениците (анкетирани се 60 ученици)

1.На исказот: „Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно и знам на кого треба да се обратам ако мојата безбедност е загрозена“,Испитаниците одговориле на следниот начин: 53 испитаници одговориле целосно да и 7 одговориле со делумно да.(види табела 1 и графикон бр.1).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 53-88,3% | 7-11,6% | 0- 0% | 0-0% |

Табела бр.1




Графикон бр.1

2.На исказот: „Училиштето брзо и ефикасно реагира на сите ситуации кои ја загрозуваат нашата сигурност и безбедноста“, испитаниците одговориле на следниот начин: (види табела бр.2).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 44-73,3% | 16-26,7% | 0-0% | 0-0% |

Табела бр.2

3.На исказот: „Училиштето реагира на нашите приговори и приговорите на нашите родители кои се однесуваат на нашата сигурност и безбедност“, испитаниците одговориле на следниот начин: (види табела бр.3 и графикон бр.2).

:

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 47-78,3% | 12-20% | 0-0% | 1-1,6% |

Табела бр.3




Графикон бр.2

Анализа на Анкетите за родители ( Вкупно 60 анкетирани)

1.На исказот:„Училиштето ги потикнува самодовербата и чувствата кај учениците“, одговорено е на следниов начин:(види табела бр.4).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 40-66,6% | 19-31,6% | 0-0% | 1-1,6% |

Табела бр.4

3.На исказот: „На проблемите на учениците се реагира навремено и соодветно“, одговорено е на следниов начин:(види табела бр.5 и графикон бр.5).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 46-76,6% | 11-23,3% | 2-3,3% | 1-1,6% |

Табела бр.5




Графикон бр.3

4. На исказот: „Учениците учествуваат во донесувањето одлуки за животот и работата во училиштето“ одговорено е на следниов начин:(види табела бр.6).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 32-53,3% | 19-31,6% | 6-10% | 3-5% |

Табела бр.6

5.На исказот: „Учениците кои имаат лични проблеми во училиштето добиваат стручна поддршка“, одговорено е на следниов начин: (види табела бр.7 и графикон бр.4).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 38-63,3% | 16-26,6% | 2-3,3% | 4-6,6% |

Табела бр.7




Графикон бр.4

***Силни страни***

- редовно се вршат, следат и евендетираат систематските прегледи за здравјето на учениците;
- редовно вакцинирање и стоматолошки прегледи за кои се информирани и
- родителите;
- континуирано информирање на родителите за здраствена состојба на нивните деца;
- постојана соработка на наставниците со стручните соработници во надминувањето на емоционалните потешкотии на кои на кои наидува како во учењето така и во однесувањето;
- следење на професионалните интереси и желби на учениците за нивното понатамошно образование од страна на стручните соработници;
- редовно анкетирање и водење индивидуални и групни разговори пред уписите во средно образование;
- достапна евиденција за неоправдано и оправдано отсуство од наставата за секој
- класификационен период;
- редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесувањето во училиштето преку редовни родителски средби и приемни денови;
- при оценувањето наставниците користат различни форми , методи и техники со цел да го следат напредокот на учениците;
- целосно почитување на законската регулатива при запишувањето и отпишувањето на учениците во училиштето и водење на уредна документација и давање писмена согласност;
- целосно водење на хигиена во училиштето.

***Слаби страни***

- Недоволна вклученост и ангажираност на учениците во културно-забавниот живот на училиштето.

***Приоритети***

- повеќе активности со кои учениците ќе се вклучат во работата на училиштето.

## Индикатор 4.2. Здравје

**Кои се извори и документи за увид:**
-Годишна програма;
-Одделенските дневници;
-Е – Дневник;
-Записници од стручните органи во училиштето;
-ПЦК програма на училиштето;
- Записници од систематски и стоматолошки прегледи на учениците;
-анкетни прашалници;

Хигиената во училиштето е на добро ниво, се одржува редовно од страна на учениците, наставниците, родителите и останатите вработени во училиштето. За тоа потврдуваат и анализите од анкетните прашалници за учениците и родителите. Во текот на учебната година се врши дезинфекција и дератизација на училишните простории. Наставниците и другите вработени редовно се грижат учениците да ја одржуваат личната хигиена. Во време на актуелни вирусни заразни заболувања учениците се информирани за симптомите и се превземаат превентивни мерки за заштита. Воедно и сите наставници реализираат предавање, разговори, работилници за здравствена заштита, и истата ја евидентираат. Училиштето е во постојана соработка со центрите за медицинска помош. Континуирано и успешно соработува со ЈЗУ Здравен дом, бидејќи на почетокот на учебната година добива Национална стратегија за работа во текот на целата учебна година во која се содржани сите планирани систематски прегледи, вакцинации и ревакцинации за сите ученици од прво до деветто одделение со календар за целата учебна година. Стручната служба води евиденција и навремено ги информира родителите и учениците за сите потребни систематски прегледи, систематски стоматолошки прегледи и редовни вакцинации според возраста. Нашето училиште е со висока еколошка свест. Ние сме Еко училиште со добиени четири зелени знамиња. Во текот на учебните години се реализираат голем број на активности за одржување на хигиената и здрава средина. Отпадоците во учлниците, училишните ходници како и во училишниот двор се фрлаат во корпи за отпадоци кои редовно се празнат. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се посадени со цвеќе, украсни дрвца и истите редовно се одржуваат**.**

### *Силни страни*

- редовно спроведување, следење и евендетирање на систематските прегледи на учениците;
- редовно вакцинирање и стоматолошки прегледи за кои се информирани и родителите;
- континуирано информирање на родителите за здравствена состојба на нивните деца;

*Слаби страни*

- не доволна грижа за посадените дрвца и нивно уништување во училишниот двор посебно во попладневните и вечерните часови.

*Приоритети*

- Одржување континуитет за разубавување на хортикултурниот дел на училиштето.

## Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

**Кои се извори и документи за увид:**
-Годишна програмана училиштето;
-Одделенските дневници;
-Е - Дневник;
-Записници од ученичкиот парламент;
-Записници од работилници;
-Програма за професионална ориентација на учениците;
- Записници од индивидуални разговори со ученици и родители;
-Прдавања и флаери од стручната служба и средните училишта;
-Анкетни прашалници.

Училиштето обезбедува јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование и доусовршување на учениците. Учениците се информираат, а исто така и нивните родители преку промотивни матерјали како флаери или соопштенија. Педагошко-психолошката служба и одделенските наставници им овозможуваат на учениците во завршните одделенија да добијат точни, јасни и најнови информации за можностите за понатамошно нивно образование, благовремено да се запознаат со можностите што ги нудат средните училишта. За навремена точна и јасна информираност училиштето организира предавања, посета од преставници од средните училишта кои ги запознаваат учениците со нивните програми преку нивните предавања, флаери, посетите на нивните отворени денови.

Одделенските раководители на одделенските часови ги запознаваат своите ученици со програмите за конкурирање што ги нудат средните училишта од нашиот град и пошироко.

Педагошко-психолошката служба реализира и истражување во кое се испитуваат афинитетите и интереси на учениците. Училиштето има изготвено „Програма за професионална ориентација на учениците“ во која се дефинирани активностите во тековната учебна година. Изборот на училиштето во кое учениците ќе го продолжат нивното средно образование е врз основа на нивните интереси и способности.

Стручната служба дава соодветна поддршка на учениците и нивните родителите. Исто така ги упатува до релевантни институции.

## Заклучоци од SWOT анализите-анкетите (образложение)

Анализа на анкетите од учениците (анкетирани се 60 ученици)

1. На исказот: „Сметам дека мојата приватност се почитува кога ќе се обратам до одредена служба во училиштето кога ми е потребен совет кога имам емоционални, физички, здраствени и социјални проблеми“, испитаниците одговориле на следниов начин: со целосно да одговориле 49 испитаника и со делумно да одговориле 11 испитаника. (види табела бр.8).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 49-81,6% | 11-18,3% | 0-0% | 0-0% |

Табела бр.8

2..На исказот: „Наставниците, посебно одделенските раководители секогаш се спремни да ги сослушаат моите проблеми кои немаат директна врска со училиштето како и да разговараат со моите родители“, испитаниците одговориле на следниот начин: 48 испитаника одговориле со целосно да, 9 ученика со делумно да и 3 испитанка со делумно не.(види табела бр.9).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 48-80% | 9-15% | 3-5% | 0-0% |

Табела бр.9

3. На исказот: „Успешните и помалку успешните ученици добиваат различни задачи“, одговорено е на следниов начин:(види табела бр.10 и графикон бр.5)

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 31-51,7% | 12-20% | 6-10% | 11-16,7% |

Табела бр.10




Графикон бр.5

4. На исказот: „Учениците си помагаат еден со друг за време на наставата“, одговорите се следниве: 29 ученика одговориле со целосно да, 20 од нив одговориле со делумно да, 3 ученика делумно не и 8 ученика одговориле со целосно не.(види табела бр.11 и графикон бр.6).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 29-48,3% | 20-33,3% | 3-5% | 8-13,3% |

Табела бр.11




Графикон бр.6

5. На исказот: „Во училиштето ни се дава помош при избор на нашето понатамошно образование“ учениците одговориле на следниот начин:(види табела бр.12 и графикон бр.7).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 48-80% | 7-16,6% | 0-0% | 2-3,3% |

Табела бр.11




Графикон бр.7

Анализа на Анкетите за родители ( Вкупно 60 анкетирани)

1.На исказот: „Училиштето ги поттикнува учениците за самостојна работа“, испитаниците одговориле на следниов начин: Целосно да одговориле 36 родители, делумно да одговориле 20 и делумно не одговориле 4 родители.(види табела бр.12).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 36-60% | 20-33,3% | 4-6,6% | 0-0% |

Табела бр.12

2.На исказот: „На учениците од деветто одделение им се даваат точни, јасни и навремени информации за средните училишта“, родителите одговориле на следниот начин: (види табела бр.13 и графикон бр.8).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 37-61,6% | 11-18,3% | 2-3,3% | 10-16,6% |

Табела бр.13




Графикон бр.8

3.На исказот: „Училиштето има увид во емоционалната состојба на вашето дете.(кај стручната служба, доколку за тоа има потреба)“, одговорено е на следниов начин:(види табела бр.14 и графикон бр.9).

| Целосно Да | Делумно Да | Делумно Не | Целосно Не |
|---|---|---|---|
| 30-50% | 21-35% | 5-10% | 1-5% |

Табела бр.14




Графикон бр.9

***Силни страни***

- училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование преку брошури, флаери, предавања, посети на средни училишта;
- училиштето ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат од стручната служба;
- педагошко-психолошката служба ги идентификува способностите и интересите на учениците и дава насоки за нивно понатамошно образование;
- училиштето организира предавања, работилници и посети на средни училишта;
- училиштето обезбедува најнови информации за упис во средните училишта, конкурсните рокови и потребните услови за упис.

***Слаби страни***

- не доволна сроаботка со родителите чии деца се со емоционални потешкотии.

***Приоритети***

- подобрување на соработката со Агенцијата за вработување;
- зголемена соработка со родителите.

## Индикатор 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

### Индикатор 1. Училишна клима и односи во училиштето

| Кои се извори и документи за увид: |
|---|
| -Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар;<br>-Кодекс за однесување на учениците;<br>-Кодекс за однесување на родителите;<br>-Дневник на паралелка;<br>-Записници од Наставнички совет;<br>-Распореди за дежурство на наставници;<br>-Пофалби, награди, признанија. |

Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности.
Постојат повеќе кодекси кои се однесуваат на сите субјекти во нашето училиште: Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Исто така, училиштето има Куќен ред. Со Ќуќниот ред и кодексите се запознаваат учениците и родителите во почетокот од секоја учебна година, на првата родителска средба и истите се истакнати на видни места во училиштето и објавени на училишната веб страна.

Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи на релација „наставник – ученик“, „наставник – родител“ и „ученик – ученик“. Во донесувањето одлуки за училиштето учествуваат и имаат влијание директорот, наставниците, стручните соработници, родителите и другиот кадар кој е вработен во училиштето. Вработените имаат доверба еден во друг, градат добри професионални односи меѓу себе, вршат размена на материјали и несебично се поддржуваат меѓу себе. Поискусните наставници несебично им помагаат и позитивно влијаат на своите колеги. Учениците се рамноправни партнери во процесот на учење, тие секогаш имаат право да го искажат своето мислење/став и нивното мислење се зема во предвид.

Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Отсуствувањето на учениците од училиште најчесто е од оправдани причини, болест, учество на натпревари и слично. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста во училиштето, организирани се секојдневни дежурства од предметни и одделенски наставници, како и од ученици од предметна и одделенска настава.

Континуирано се следи напредокот на учениците од страна на наставниците, се дава поддршка на надарените ученици и талентираните ученици, а истите учествуваат на

училишни, општински, регионални и државни натпревари. Во интерес на учениците и афирмирање на училиштето наставниците ги подготвуваат учениците за учество на натпревари, а за постигнатиот успех добиваат сертификати за наставници ментори, кои ги приложуваат во своето професионално досие.
Процедурата за изрекување на педагошките мерки на учениците во целост се следи. Родителите на учениците се запознати се жалбените постапки (жалба за неправилно оценување, намалено поведение и слично). За жалбените постапки родителите се информираат преку општи родителски средби, Совет на родители и индивидуални средби со раководителите на паралелките или со стручната служба.

Учениците се безбедни при престој во нашето училиште. Безбедноста на учениците се регулира со дежурства на наставниците пред почетокот на наставата, за време на малите и големите одмори и по завршување на наставата.
Учениците учествуваат во решавање на проблеми и донесување на одлуки кои се од нивен интерес. Тоа се реализира преку активностите на Ученичкиот парламент со кој редовно се одржуваат средби и работилници. Донесените одлуки на учениците при решавање на проблеми се почитуваат.

**Заклучоците од SWOT анализите-анкетите (образложение)**

1.На исказот: „Моето дете со своето однесување се грижи за угледот на училиштето“, испитаниците одговориле на следниот начин: 42 испитаника се сложуваа со исказот, 13 испитаника во најголем дел, делумно се согласуваат 4, и 2 испитаника не се согласуваат.(види табела бр.1 и графикон бр.1)




Графикон бр.1

| | |
|---|---|
| Точно | 42-70% |
